## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Почитувани колеги пратеници продолжуваме со работа по 23-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети,Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Насер Ајдини, Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Оливер Спасовски, Славица Грковска, Илинка Митрева, Фијат Цановски и Јован Манасиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пристутните пратеници во салата).

На седницата присуствуваат 69 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници во Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Поминуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон...

(Процедурално бара збор пратеникот Јани Макрадули)

Повелете процедурално три минути господине Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Еве со час и половина задоцнување од необјаснети причини започнуваме денеска.

Во име на пратеничката група барам да ни објасните зошто 12-тата седница воопшто денеска не почна да се разгледува и зошто веднаш преоѓаме на другата седница, а имаме три точки кои не ги поминавме, а видовме дека е тука и претставникот на предлагачот.

Го задржувам правото дополнително да коментирам откако ќе ми дадете одговор зошто поминавме на следанта седница.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Претседателот на Собранието одлучи така. Тој требаше да ја отвори претходната седница, а според неговото објаснување бидејќи немаше доволно пратеници за работа, за гласање во тој момент претседателот на Собранието одлучи, тоа стои и во стенограмите, таа седница ја тргна од дневен ред и продолжуваме со 23-та седница на Собранието. Повелете.

**Јани Макрадули:** Мислам дека целокупната јавност знае и гледа дека во овој момент има кворум во салата и не гледам причина зошто не продолжуваме по предлогот на пратеничката група на НСДП да го разгледаме Законот за здравествено осугурување, за кој што во четвртокот ние рековме дека ќе го подржиме.

Бидејќи сега преоѓаме на нова седница, а ние се подготвувавме за 12-та седница која беше закажана во 11 часот, а од необјаснити причини почнува во 12,30 часот во име на пратеничката група барам половина час пауза.

**Иван Анастасовски:** Имате пауза од половина час, до 13,10 часот.

Објавувам пауза.

(Пауза од 12,38 часот)

(По паузата)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе почнеме со работа.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование.

Пред да пристапиме кон гласањето, ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе гласаме за законот.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 59 пратеници, 51 гласале за, воздржани нема, 8 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 57 пратеници, 53 гласале за, воздржани нема, 4 гласале против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 52, нема воздржани, 11 гласале против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

Кој е против, молам да крене рака.

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 10 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив, за предлогот гласаа сите 10, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за средното образование.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министер за транспорт и врски. Повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми да ве известам дека во Законот за јавни патишта донесен во 1996 година пропишани се условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето и финансирањето на јавните патишта. За вршење на најголемиот број од работите утврдени со Законот, основан е Фондот за магистрални и регионални патишта. Во Законот се утврдени децидно надлежностите на Фондот, органите, како и актите на Фондот. Имајќи предвид дека Законот за јавни патишта не ги утврдил условите под кои можат да бидат избрани и разрешени членовите на Управен одбор, како и условите за директор на Фондот односно нивното именување и разрешување, произлезе потребата од законско нормирање на овие прашања.

Имено, во одредбите на членовите 22 и 27 од постојниот закон за јавни патишта, утврдено е дека управниот одбор на Фондот има 9 члена кои ги именува Владата за време од 4 години и дека Управнито одбор најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија. Понатаму, дадени се надлежностите на Фондот, а со одредбата на членот 25 е утврдено дека со Фондот раководи директор кој го именува и го разрешува Владата за време од 4 години. Од досегашното раководење со Фондот за магистрални и регионални патишта во поглед на одговорноста на Управниот одбор и директорот, не беше посебно нагласена важноста на доброто управување и раководење со Фондот.

Со оглед на тоа дека успешноста во извршувањето на работите на Фондот, како и финансиската состојба на Фондот зависат од успешноста на раководење од страна на директорот, се оцени за потребно да се дефинираат условите за кои може да биде член на Управен одбор, во кој случај тие можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот, обврските на директорот, како и условите под кои може да биде разрешен директорот на Фондот. Така, со измените на Законот се предлага директорот на Фондот да биде должен на 6 месеци да доставува извештај за работата на Владата на Република Македонија, а особено да доставува податоци за вршење на работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата и одржувањето на магистралните и регионални патишта, како и за финансиското работење на Фондот.

Доколку од извештајот за работа се утврдат недостатоци односно загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги оцени наредните 6 месеци. Ако и по истекот на наредните 6 месеци, директорот не ги отстрани наведените недостатоци и во тој период има повторно загуби во финансиското работење, Владата на Република Македонија ќе го разреши директорот и ќе именува вршител на должноста до именувањето на директор, но не подолго од 6 месеци.

Исто така , со измените на Законот се утврдуваат условите под кои може да биде разрешен директорот пред истекот на времето за кое е

именуван, а што е предлжоено со членот 25Б. Со донесувањето на овој закон се очекува дека ќе се подобри раководењето со Фондот на патишта заради подобро финансиско работење на Фондот и ќе се зајакне одговорноста на директорот и членовите на Управниот одбор на Фондот.

Со предлогот на законот се изменети и казнените одредби поради потребата од нивно усогласување со новиот закон за прекршоци. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Младеновска-Ѓорѓиевска Мери. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, јас се јавив за збор затоа што навистина сметам дека со овие измени и дополнувања на законот за јавни патишта што се предлагаат, како и во многу други случаи се настојува преку образложението дека законот значи усогласување со други прописи, посебно со Законот за прекршоци, да се вметнат и некои други одредби, кои во практикувањето на Законот, навистина, можат да донесат повеќе неповолни состојби, отколку да помогнат за решавање на овие прашања на кои што се однесува самиот закон.

Во овие измени и дополнувања на Законот за јавни патишта, покрај тоа што го наведе заменик министерот за транспорт и врски, дека Законот значи прецизирање на одредени одредби кои треба да овозможат подобра работа во раководните структури на Фондот за магистрални и регионални патишта, бидејќи има одредби за директорот и за управниот одбор, се вметнуваат и одредби кои мислам дека не им е овде местото, посебно не сега во оваа фаза кога Собранието го врати Законот за судир на интереси односно кога тој Закон помина само во прва фаза, значи не онака како што предлагаше Владата, бидејќи пратениците имаа сериозни забелешки на текстот на законот. Законот за судир на интереси, навистина треба да реши многу прашања и сметам дека овие одредби што сега се предлагаат во членот 1 и во членот 24-а, навистина, нема да бидат и ако се усвојат на овој начин како што се предложени од Владата, нема да бидат во согласност со тој закон, што во втора фаза го очекува Парламентот Законот за судир на интереси. Првата фаза на Законот за судир на интереси ја чекавме долго време и не знам Владата во кој рок го достави Законот во втора фаза, но еве да појаснам за што станува збор.

Во членот 1 став 2 е предвидено за член на Управниот одбор на Фондот не може да биде именувано лице кое има лично или по било која основа интереси во Фондот или е вработено или поседува акции во правни лица кои вршат изградба на објекти. Јас навистина се залагав како пратеник, а верувам дека и повеќето пратеници се залагаат за тоа да не постојат конфликт на интереси. Но, тие прашања ќе се решат, како што спомнав со Законот за судир на интереси, за да не се случи некој што ќе биде именуван на одредена функција или пак ќе биде во управен орган и т.н., да остварува преку таа работа и некои свои лични интереси. Но, не се согласувам тоа да биде дефинирано во Законик кои ќе овозможат навистина паушални можности за толкување на законот и за секој член на Управниот одбор на Фондот да може, доколку му пречи тој член да биде употребен овој член и да биде разрешен. Затоа, ќе го прашам претставникот на Владата што подразбира или по било која основа интереси. Таква формулација во правото е најопасна. Треба да се знаат кои се тие основи. Да се дефинираат роднински, пријателски, како што е направено во некои други закони, како што ние се залагаме да биде регулирано во Законот за судир на интереси. Зборувам како пратеници, не само како пратеничка група, бидејќи сметам дека тоа треба да биде интерес на сите пратеници. На тој начин Парламентот ќе може да врши контрола на работата на извршната власт. Па, нормално, во овој дел има надлежност Владата, па ние не смееме да дозволиме на органот, за чија работа ние имаме обврска за надзор , тој да може да работи на ваков начин, како што тоа е предвидено во овој член.

Исто така, во членот 24а е наведено дека член на Управниот одбор на Фондот може да се разреши пред истекот на времето за кое е именуван и е наведено на негово барање ако отсуствува од седницата на Управниот одбор неоправдано најмалу два пати годишно и сега најспецифичната линија, ако се утврди дополнително дека има лично или по било која основа интереси кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност. Каква е тоа по било која основа интерес или било какво влијание, ако е некаков интерес или пак влијание, тоа треба да се дефинира. Или пак, тоа да биде во кругот на работи ако не се определени или не може да се определат, затоа што се согласувам, дека некаде има и таква проблематика, треба да биде во кругот на работи што се определливи , да има критериуми врз основа на кои може да се определиви интересите или пак влијанието. Сето друго ќе значи можност Владата да си донесува одлуки онака како што сака или пак да се пресметува и да ги отстранува, а може и да не ги именува лицата кои што немаат било каков интерес или влијание, но едноставно не и се допаѓаат на Владата. Ние не сме како пратеници да допуштиме вакви паушални одредби, кои во пракса ќе предизвикаат повеќе забуни. Токму затоа јас ќе го кажам мојот личен став дека иако има одредби во Законот што значат усогласување со Законот за прекршоци, кои што ги поддржувам во однос на овој текст на закон, заради одредбите на кои се задржав, ќе гласам воздржано. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Ќуркчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, навистина и покрај тоа што ние на Комисијата за транспорт и врски расправавме по овој предлог, ценам дека сите забелешки дадени од колешката Мери Младеновска држат. Мислам дека конфликтот на интереси се јавува кај член 1 и член 24 и навистина предлагачот треба да даде кратко образложение зошто токму вакви формулации се користат овде или пак поинаку кажано да се објасни дали инжињерите и архитектите се исклучени од нивното право да учествуваат во работата на Фондот за регионални и магистрални патишта односно да бидат членови на Управниот одбор.

Во член 1, каде што за член на Управниот одбор на Фондот не може да биде именувано лице, кое има лично или по било која основа интереси во Фондот. Сите знаеме дека работата во Фондот е да се грижи дека неговата дејност исклучиво се патиштата, регинални и магистрални, што значи исклучиво се бави со патна инфраструктура, а тоа освен регионалните и магистралните патишта, значи и сигнализацијата, мостовите, тунелите. Меѓутоа, дали некој архитект или инжињер кој што има можеби приватна фирма и се бави со друга градба, нискоградба или пак градење на згради, дека тој не смее да биде член на Управниот одбор, иако е многу постручен од некој друг кој што ќе биде предложен, се разбира, дури и од политичките партии.

Ценам дека и членот 24 бара дополнително да се објасни зошто и како, ако се утврди дополнително дека има лично или по било која основа интерес, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност. Мислам дека, доколку ја разјасниме работава во првиот член дека член на Управниот одбор на Фондот, не може да биде именувано лице кое има лично или по било која основа, што тоа воопшто значи. Затоа, СДСМ за ова прашање и за овој предлог ќе биде воздржан. Мислам дека предлагачот ни должи објаснување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 52 гласале за, 13 се воздржале од гласање, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласале 52, 6 се воздржале од гласање, 3 гласале против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 52, воздржани 12, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот ја јавните патишта.

**Минуваме на точката 9-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.**

Предлагачи се група пратеници, а овластен предлагач е Цветанка Иванова.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно точка 1 од амандманот 16 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници,

Пратеничката група на СДСМ поддржана од група пратеници од ЛДП поднесе закон за измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа затоа што сметаме дека самото финансирање или децентрализацијата е во критична состојба во Република Македонија.

Во 2004 година Република Македонија се определи на децентрализација и сите пратеници од претходниот состав имавме консензус дека на Република Македонија и е потребна децентрализација не само заради исполнување на обврските на една од обврските од Рамковниот договор, не само заради тоа што е еден од условите за пристап кон евро интеграциите, туку и заради тоа што децентрализацијата е потребна за демократизација на македонското општество и заради тоа што во Република Македонија е потребно на граѓаните се повеќе да се приближи власта. Тоа го направивме 2004 година со донесување на пакет од околу 35-36 закони и ја децентрализиравме власта во сите сегменти од општественото живеење.

Ќе се согласите дека децентрализацијата како и секој процес не може да има доколку нема

децентрализација на финансирањето и тогаш во 2004 година беше донесен Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Со овој Закон се создаде правна рамка и еден конзистентен систем за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој во тоа време ни се чинеше нам пратениците дека одговара на состојбата и оние извори кои беа утврдени со Законот ќе се доволни за почеток за отпочнување на успешен процес на децентрализација. Но, секако, ќе се согласите дека после две годишното функционирање на децентрализираните општини се констатира или се лоцираа одредени слабости особено во овој сегмент каде со Закон утврдените извори на финансирање или средствата кои се утврдени не гарантираа успешен развој на процесот на децентрализација и секако не гарантира успешен процес на децентрализација.

Она што сакам посебно да го потенцирам е што овој Предлог за изменување и дополнување на овој Закон е поднесен во ноември 2006 година, но до ден денеска иако согласно Деловникот и Законот за работа на Владата, Владата е должна да достави мислење до Собранието по овој закон. Владата незаинтересирано се однесува иако знае дека има проблеми во овој сегмент, но до оваа пленарна седница сеуште немаме мислење по Предлогот за донесување на измени и дополнувања на овој закон.

Тоа сакам да го потенцирам дека Заедницата на единиците на локалната самоуправа во која членуваат сите градоначалници, без разлика од која политичка партија биле избрани и поддржани при локалните избори, едногласни се во оценката дека нешто во финансирањето на единиците на локалната самоуправа мора да се менува и дека мора пратениците оваа измена да ја поддржат за да не се случи пропаст на овој проект кој навистина сите ние здушно го поддржавме, проект кој значи навистина заживување на општините и побрз економски развој.

Општините, како што кажав, во Република Македонија се наоѓаат во критична состојба. На тоа не само укажуваат самите општини, ако го прочитавте последниот Извештај од Европската комисија ќе видите дека сериозно ни укажуваат дека мора нешто во овој сегмент да се промени затоа што постепено општините тонат во долгови.

При децентрализацијата тие наследија долгови, дадовме голем број на надлежности кои се од витално значење со децентрализацијата, голем број училишта како средни, основни, детски градинки кои наследија долгови се повеќе овие долгови генерираат нови долгови, соочени се со криза во функционирањето, соочени се со долги судски постапки, голем број од законски обврски кои ги дадовме со пакетот закони за децентрализација општините особено помалите не можат да ги остваруваат како што се непостоење на задолжителен здравствен преглед на децата, на наставниците, системот за превентивна против пожарна заштита, а да не зборуваме за подобрување на условите во образованието, како што е подобрување на кабинетските услови на практична настава итн.

Се на се наместо да создаваме услови и поле за натпревар на општините, за побрз економски развој, вака како што е решението не може да гарантира ваков напредок, туку се повеќе ќе се поставува прашањето за опстанокот на процесот на децентрализацијата.

Затоа тука мора нешто да се направи и затоа ние како пратеници го поднесовме овој Предлог за измена и дополнување на Законот за финансирање со кој дел од изворите кои се однесуваат на ДДВ и персоналниот данок и со членот 5 и членот 9 процентот е утврдено од 3%, сега предлагаме овој процент да се зголеми на 4,5% зафаќање.

Овој процент, според оценките, не според наши оценки, туку според оценките на Заедницата на единиците на локалната самуправа нема многу да се одрази на Буџетот на Република Македонија. За илустрација, ова се нивни податоци, можам да кажам дека од вкупно прибрани средства по основ на ДДВ во Република Македонија за претходната година кои изнесувале 25.000.000.000 денари, а 855.000.000 денару се одвојувале за општините, со новиот Предлог за измени и дополнувања на Законот би значело незначително зафаќање и би изнесувало 1,25.000.000.000 денари или за илустрација за мојата општина од каде доаѓам за општина Струмица вкупно проектирано за 2007 година по основ на ДДВ е 20,5.000.000 денари, а со Предлогот за изменување и дополнување на Законот со кој покачува процентот зафаќањето би изнесувало по овој основ 24.000.000 денари.

Овие измени на Законот особено позитивно ќе влијаат на руралните општини затоа што сите добро знаеме дека е мал број на општини, тоа се поголемите урбани општини кои можат да се носат со надлежностите со овие извори на финансирање кои се предвидени со постоечкиот Закон, а можат да се носат приближно со обврските односно надлежностите кои им се дадени со пакетот на закони за децентрализација, што не е случај со руралните општини.

Ако не ги поддржиме измените на овој Закон, ќе бидат доведени под знак прашалник опстанокот особено на руралните општини затоа што руралните општини најзначаен извор на средства доаѓа токму од ДДВ.

Дека навистина треба да го поддржиме овој закон, уште повеќе како аргумент сакам да ви го спомнам тука и преземањето на голем број на административни работници кои работеа во подрачните единици по министерствата на државно ниво, сега се на товар на општините, затоа што за нив треба да се обезбедуваат средства за плати и придонеси, секако негативно се одрази Законот за воведување на рамен данок

кој, ќе се согласите, без да бидат прашани ЗЕЛС беше донесен овој закон.

Овде нема политика, ова се реални проблеми, проблеми кои произлегуваат во сите единици на локална самоуправа и еве можност пратениците од парламентарното мнозинство да поддржат еден закон кој е навистина во функција на подобрување на условите или за одржување на процесот на децентрализација, а тоа значи за демократизација општеството и приближување на власта до обичниот граѓанин.

Очекувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи е најбројна, да го поддржи овој закон затоа што овој закон од многу аспекти ни е потребен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Потпретседателе, би ве замолил ако може по паузата да продолжам . . .

**Иван Анастасовски:** Во тој случај јас се извинувам не ве прашав дали времето од 6 минути до паузата за ручек ви е доволно,

Овде објавувам пауза за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот, ви благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,54 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Жал ми е што многу малку колеги се присутни во салава, а сметам дека се дебатира по еден мошне важен закон и по едно мошне важно прашање што, како што одминува ...

**Бесим Догани:** Молам службите да ги затворат вратите, па да продолжиме со работа.

Повелете господине Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Как што одминува времето мислам дека се повеќе и повеќе станува предмет на дебата и на интересирање во Република Македонија, тоа е процесот на децентрализација и фазата што треба да следи од 1 јули оваа година.

Сметам дека во претходниот мандат, кога се расправаше за Законот за територијална организација и околу законите што се однесуваат на процесот на децентрализација, некако бегло се помина прашањето за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Повеќе внимание, веројатно од партиски причини, тогаш се посвети на територијалната организација, затоа што се сметаше дека таа ќе носи повеќе политички поени, додека околу проблемот на финансирањето многу малку завлезе тогашниот Парламент. Така што, донесе еден закон што претставуваше добра стартна основа. Меѓутоа, времето покажа дека проекциите што биле направени со тој закон, тогаш, сега не се доволни. Голем дел од општините сега не можат да функционираат, да ги извршуваат своите активности, пред се поради недостиг на финансиски средства.

Така како што пред почнувањето на процесот на децентрализацијата беше поставено финансирањето на единиците на локалната самоуправа, значи пред 1 јули 2005 година имаше неколку извори на финансирање. Тоа беа данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности и права. Ако ги погледнете овие три даноци, ќе видиме дека во поглед на нивната стабилност или издашност за планирање, освен данокот на имот, другите два даноци беа многу непредвидливи. Не можеше со сигурност да предвидат општините колку средства ќе остварат од овие даноци, за да може да ги планираат соодеветно своите други активности.

Исто така и комуналните такси, што беа избор за финансирање на единиците на локалната самоуправа пред отпочнувањето на процесот на децентрализацијата, беа малку како парични средства. Од нив општините не можеа да обезбедат доволен извор на финансиски средства. Така се случуваше освен скопските општини и некои други поразвиени општини во Република Македонија да го исполнуваат Буџетот, додека сите други општини, просекот на остварување се движеше некаде од 70-90%.

Со отпочнувањето на процесот на децентрализацијата, до 1 јули 2005 година, кога општините пред се презедоа многу надлежности, презедоа надлежности во делот на образованието, во делот на културата, во делот на социјалната заштита, она што се однесува на детските градинки и грижата за посебните категории на граѓани, во делот на заштитата на животната средина, во делот на локалниот економски развој, тоа се надлежности што се, пред се, многу обемни, многу комплексни и надлежности, онака како што ги преземаа општините, имаа многу нерешени прашања за да можат тие од старт да почнат да функционираат онака како што беше предвидено, односно без проблеми.

Финансирањето на овие области беше комбинирано поставено. Општините, за покривање на трошоците за превоз, за огрев, за други комунални услуги, добиваа наменски дотации од Буџетот на Републиката, додека платите и капиталните инвестици останаа во надлежност на државата. Државата, преку свои програми предвидуваше каде ќе врши капитални инвестиции и каде ќе ги инвестира овие средства.

Сметам дека со ваквиот начин на работа, во овие изминати скоро две години се покажа дека општините не можат да се справат на добар начин со своите надлежности. Покрај тоа што немаа, можеби, доволно стручен кадар да ги

менаџираат овие проблеми, мислам дека главната причина е тоа што немаа доволно финансиски средства за да можат и да вработат доволен стручен кадар, како и да отпочнат проекти со кои што граѓаните и на вистински начин ќе почувствуваат дека процесот на децентрализацијата, онака како што беше објаснуван во изборите во 2003 година, треба да доведе до доближување на услугите до граѓаните и до поедноставување во менаџирањето на одредени области.

Затоа, со ваквиот предлог од страна на нашата пратеничка група, да се зголеми процентот на зафаќање на ДДВ од 3% на 4,5% и на персоналниот данок од 3% на 4,5%, сметам дека многу прашања ќе се олеснат и многу, многу проблеми ќе се решат во општините, пред се и од практичното финансирање и од аспект на стручното оспособување или кадровско екипирање на општините, да можат да ги вршат своите надлежности.

Исто така, општините, кога ги презедоа надлежностите, во најголем обем во делот на образованието, културата, социјалната заштита, затекнаа многу лоша состојба во училиштата, во градинките, во музеите, библиотеките. Така, на пример, јас доаѓам од Велес, општина Велес, во образованието немаше извршено капитални инвестиции во некои училишта наназад 20-30 години. Се учеше во стари згради истроени, чии што покриви прокиснуваа. На некои места, поради природниот прираст училиштата и не можеа да ги задоволат потребите за нормално одвивање на наставата. Сето тоа се префрли како надлежност на општините. Од друга страна, немаше доволно финансии да тие прашања можат да се решаваат.

И, во делот каде што се префрлаа финансиите, околу наменските дотации, се покажа дека помалку средства се префрлани од потребните, па почнаа да се создаваат долгови. И општините и училиштата почнаа да создаваат долгови по основ на неплатени обврски, за вода, за струја, за телефон, за превоз на ученици и тн.

Тоа е една ситуација, во која што беше јасно дека главен проблем се, пред се, финансиските средства и дека, до колку сакаме успешно да продолжи втората фаза од процесот на децентрализацијата, што треба да започне на 1 јули 2007 година, мора да се изнајдат начини да се подобри финансирањето на општините, односно на единиците на локалната самоуправа.

Сметаме дека со Законот, со предлогот од ДДВ, да се зголеми процентот на издвојување што ќе се распределува во општините, тоа е најсоодветно, бидејќи тој извор на приходи во Буџетот на Република Македонија е најстабилен и најобемен и нема да има дилеми или сомневања дека не можат да се остварат проекциите, па следствено на тоа дека општините нема да ги добијат своите средства.

Мислам дека колегите пратеници, парламентарното, владеачкото мнозинство треба добро да размисли да го поддржи законот, без разлика на тоа што е предложен од страна на опозицијата и да овозможи процесот на децентрализација, за што ние сеуште не сме отвориле суштинска дебата, што всушност треба да претставува, сега политичките партии едните во корист за преговори во политичкиот дијалог, другите го маргинализираат владеачкото мнозинство, кое што, нема концепт, тоа го видовме и при донесувањето на Буџетот, дека Владата не беше подготвена да отпочне втората фаза од процесот на децентрализацијата, пред се, затоа што немаше, можеби, добри согледувања што ќе претставува реална потреба и што се предностите на таа децентрализација. Па затоа, во Буџетот не предвидоа доволно средства и не понуди концепт како понатаму ќе се развива децентрализацијата.

Сега слушаме или читаме дека Министерството за локална самоуправа е подготвено да понуди еден закон за рамномерен регионален развиј, нешто што го зборуваше опозицијата при донесувањето на Буџетот, а исто така да понуди селективен пристап во делот на оживување на општините, односно овозможувањето на општините во втората фаза на децентрализацијата да ги користат и кредитите, како начин на финансирање, односно да можат да се задолжуваат. Тоа е истото она нешто што ние го зборувавме кога се носеше Буџетот на Република Македонија.

Затоа би сакал уште еднаш да ги повикам колегите пратеници на овој закон да погледнеме од практичната страна, односно да го поддржиме и да ги донесеме, да овозможиме општините да можат своите надлежности да ги извршуваат што поуспешно, што подобро кадровски да се екипираат и, навистина, да се покаже дека децентрализацијата не е само еден термин, не е само една фраза што ја користиме, или не е само нешто за кое што зборуваме а практично на теренот или граѓаните не можат да го почувствуваат, туку вистински да овозможиме да се одвива процесот на децентрализацијата. А, притоа, финансиските прашања да бидат најмал дел или најмал проблем за тој процес на децентрализација да се одвива. Тоа е во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Затоа би ги замолил колегите пратеници, без разлика дали се од позиција или опозиција, да гласаат, да го поддржат законот како би можеле, едно важно прашање, да поставиме на вистински колосек и да овозможиме граѓаните да добијат и поквалитетни и подобри услуги во делот на локалната самоуправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Има збор пратеникот Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

И јас би сакал да го кажам моето мислење околу овој Предлог на закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Тука се работи за зголемување на процентот од ДДВ од 3% на 4,5%.

Како што знаеме, според Законот за финансирање на локалната самоуправа на Република Македонија, покрај одредени даноци, надоместоци и други приходи, исто така ДДВ е еден од изворните приходи што учествуваат во вкупната маса на парични средства на општините. Во моето излагање, сакам да истакнам дека имам две причини што сакам да ги кажам, поради што ќе го поддржам овој Предлог на закон на моите колеги, на СДС и ЛДП.

Една од причините е што уште во првата година, уште со почетокот на децентрализацијата се увиде дека овој процент од 3% од ДДВ е мал процент што се издвојува за општините. Како што реков, уште првата година општинарите, градоначалниците, веќе имаа доставено допис, писма до разни министерства за зголемување на овој процент. Нивните барања се некаде зголемување на 5%. Со овој Предлог на закон што сега го имаме на дневен ред, зголемувањето е на 4,5%. Тоа е една од причините зошто треба да се зголеми овој процент.

Втората причина, според мене, е намалувањето на ДДВ кај одредени земјоделски репроматеријали и семенски материјал. Вкупната маса на собирање на ДДВ за 2007 година, по некоја логика, треба да се намали. Но, овие податоци што ги имаме, што ги имам пред себе, Владата на Република Македонија за оваа 2007 година, гледам дека има планирано зголемување за 11% повеќе собирање на ДДВ во однос на 2006 година. Или, во 2006 година овие средства биле 28 милијарди 364 милиони денари. За 2007 година Владата планира 30 милијарди 460 милиони и 500 илјади денари. Кога ќе се споредат овие два показатели, тоа е за 11% зголемување на овие даноци, односно на ДДВ во однос на 2006 година.

Од една страна имаме намалување на ДДВ кај одредени земјоделски производи, како што реков, а од друга страна Владата за 2007 година има зголемување, односно планирано зголемвување на собирањето на ДДВ за 11%.

Уште кога беше Буџетот во претходната година, реков дека Владата има преамбициозни планови со 6% зголемување на бруто националниот доход, а исто така за мене овие 11% се преамбициозни, иако знам дека Владата планира инвестиционен бум во Македонија, зголемување на вработувањето, а со тоа зголемување на потрошувачката, продажба на стоки и тн. Секако, тоа би ги натерало да планираат зголемување на ДДВ за 11% повеќе за оваа 2007 година.

ДДВ, што го добиваат општините во износ од 3% е спроед Методологијата од вкупната сума, како апсолутен износ. Секоја општина користи средства по три основи: тоа е бројот на населението, големината на површината што ја зафаќа општината и бројот на населените места.

Бидејќи е ова денеска на дневен ред, би сакал да ја искористам можноста и да апелирам до надлежните министерства дека одредени општини во Република Македонија, средствата што ги добиваат не се толкави колкави што треба да бидат. Зошто? Затоа што од овие три показатели што се земаат како основ за пресметување на овие 3%, не се толку колку што треба да бидат или не се земени со тој процент, со таа бројка на жители кои се во таа општина.

Ќе дадам конкретен пример. Би ја дал општината Ново Селов во струмичкиот регион. Општината Ново Село е нова општина, самостојна и процентот од 3% што го добива е мал, односно средствата се мали, бидејќи како број на жители општината Ново Село се земени 12 илјади жители, а бројот на жители, со 67% од вкупниот процент што се зема како основа за формирање на овие 3%, значи 67% е на бројот на жители.

На пример минатата година општина Ново Село на избирачките списоци имаше 12.000 жители. Значи и пресметката за ДДВ на овој процент е 12.000 жители и општина Ново Селов според избирачките списоци има 12.000 гласачи. Значи се појавува младата популација испод 18 години никаде да не фигурира.

Само за ваша информација, оваа општина, а тоа го има икај други општини, сум разговарал со луѓе и такви ми се сознанијата, општина Ново Село секој месец губи по 250 илјади денари од ДДВ или од овие 3% што треба да ги добие од централната власт. Значи годишно тоа е околу 3 милиони денари. Можеби за некои општини како Прилеп, Струмица, Велес и т.н., не се големи пари, но за овие општини, помалите општини, овие средства се итекако потребни за подмирување на своите потреби.

Друго што би сакал да истакнам околу ДДВ, зошто го имам поднесено овој Предлог закон за 4,5%, бидејки на самиот старт реков дека општинит еи градоначалниците имаат барање за 5%. Можеби 4,5% не е тоа што го бараат, но сепак ќе се овозможи овие средства кои, според мене ќе се изгубат, со намалувањето на ДДВ кај одредени земјоделски производи, ќе ги намалат и приходите по основ на ДДВ и на општините, или според некои математики тоа треба да биде намалување на ДДВ односно на средствата добиени од ДДВ, за 30% по секоја општина. Ако колегите од парламентарното мнозинство не го подржат овој Предлог закон едино ни останува да се надеваме дека овој амбициозен процент од 11% за згоелмвување на прибирањето на ДДВ за 2007 година во однос на 2006 година, да се надеваме дека ќе се исполни и така општинтие да ги добијат или нештомалку да добијат од тие 3% што сега ги добиваат.

Како што знаете, со втората фаза на децентрализацијата, на општините им се даваат голем дел на други надлежности, како во делот на урбаното и руралното планирање, заштита на животната средина, економски развој на локалната заедница, комунални активности, култура, спорт, рекреација, образование, здравствена заштита, противпожарна заштита,финансиско управување и т.н. Значи тоа се надлежности кои треба да паднат на товар на

општината и со овие 3% што сега ги добиваат како сигурен и стабилен извор на ДДВ што го добиваат општините, нема да биде доволен и овие општини, особено помалите ќе се најдат во тешка фианнсиска состојба. Од овие причини овој Предлог закон за зголемвуање од 3 на 4,5% за финансирање на единиците на локалната самоуправа, треба сите ние заедно да го подржиме, бидејки ние пратениците доаѓаме од сите општини, нема општина од каде нема пратеник, или нема општина која не ја покриваме ние преку своите изборни единици. Значи ако го пдоржиме овој закон, сите ние ќе придонесеме за појака финансиска моќ на општините од каде доаѓаме сите ние колеги пратеници. Значи тоа се причините околу ДДВ, зошто би го подржал и тоа е моето образлагање зошто треба да се зголеми од 3 на 4,5%.

Сега на кратко би сакал да кажам нешто околу персоналниот данок.

Персоналниот данок, колеги пратеници, оние кои не знаат да дознаат дека персоналниот данок во руралните општини е со едно минимално значење, дури беззначајно за општината, околу финансирањето. Зошто тоа гокажувам? Го кажувам затоа што во малите општини имамал број на вработени и тие што се вработени се мали фирми со минимален личен доход и средствата коис е прибираат по основ на платен персонален данок, кој знае добро, а кој не знае ќе кажам дека тоа се некаде 18 до 20 денари по еден вработен со минимален личен доход. Тоа се мали општини, нема осигурителни компании, нема банкарство и т.н. и затоа остануваат со овие минимални средства од персонален данок и се обесправени во однос на големите општини каде фигурираат големите компании, каде се има поголем личен доход и се прибираат повеќе средств аод персоналниот данок кој после го добиваат општините.

Еве јас толку околу овој Предлог закон за ДДВ и персоналниот данок.

Како што реков на почетокот ние од СДСМ и со подршка од ЛДП, ќе гопдоржиме овој Предлог закон и еден апел до вас пратениците од парламентарното мнозинство и вие да го подржите затоа што, како што во уводното излагање кажа и колешката Цветанка Иванова, тука нема политика, тука сите се бориме за нашите општини и со зголемување од 3 на 4,5% сите ќе придонесеме за појака и помоќна општина од каде што доаѓаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодара потпретседателе,

Точка на дневен ред на оваа седница е законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, со Предлог на закон. Тоа е еден од суштинските закони, покрај Законот за територијална организација, во однос на децентрализацијата што треба да се направи и што делумно е направена во Република Македонија.

Знаеме дека еден од основите со кој ние како Република Македонија сме оценувани во однос на приемот во Европската унија, е и степенот на децентрализација што Република Македонија го има направено или треба да го нарпави.

Предлогот на закон, малку да се потсетиме и да видиме за да дознае и јавноста од кого е поднесен, поднесен е од група пратеници и тоа од опозиционите партии СДСМ и ЛДП. Поднесен е во ноември месец 2006 година, неколку месеци откако е формирана Владата на ВМРО-ДПМНЕ. После два месеци откако е формирана новата Влада, група пратеници од опозицијата поднесуваат Предлог на закон за измена на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, со Предлог на закон, со два члена, два члена но многу битни со кои се бара зголемување односно процентот 3% кај персоналниот данок да се замени со 4,5%. Тоа е во член 5 став 2 алинеја 1.

Во членот 9 став 2 алинеја 1, исто така се бара 3% да се замени со 4,5%. Тоа е зафаќањето во ДДВ.  Така е согласно Деловникот, согласно и досегашната активност на одреден број на пратеници што се бара и тие да бидат подносители на одредени закони. Добро е тоа пратеници да бидат иницијатори за одредени измени на закони, но сепак политиката е таква каде за кратко време се гледа дволичноста на одреден број  на политички личности кои еднаш делувале како власт, еднаш делувале како опозиција, еднаш биле министри за финансии, еднаш биле пратеници. Но, сепак доблесно е, првокако личност да имаш континуитет во својот став. Континуитетот не треба да зависи од тоа дали си опозиција, дали си власт, дали си министер.

Претходниот парламентарен состав од кој  има и стенографски белешки, ги донесе двата клучни закони. Едниот ткој е предмет на денешната расправа е Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој беше носен во две фази. Втората и најзначајна фаза беше носена во септември 2004 година. Тогашен предлагач беше тогашната Влада, а претставник овде во овој парламентарен дом беше тогашниот минситер за финансии, а сегашен пратеник. Гледаме прво потпишан пратеник Никола Поповски, кој по природата, затоа и барав јас да видиме кој  претставник ќе биде на предлагачите. По природа, дос ега секогаш првопотпишаните пратеници се претставници. Овде излезе исклучок каде второопотпишаниот е претставник. Тоа е нивно право и никој не го оспорува, но пожелно беше првопотпишаниот да биде претставник и да ја видиме дволичноста каде еден бил министер за финансии, во еден период и во тој период се залагал за тој закон за финансирање на локалната самоуправа каде од стенографските белешки може да се види дека тој се произнесува како претставник на Владата во однос на поднесените амандмани. Тоагаш, да потсетам, во првата фаза, тогашната Влада излезе со процент од 1 или 1,5%, не сум толку

сигурен. Но, во втората фаза дојде со Предлог на закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа каде беше предвидено процент од 2,5%. Но поподнесен амандман од пратениците од тогашната власт, министерот за финансии го прифати амандманот и процентот стана 3%. Но, по поднеснеи амандмани од други пратеници во кои се бараше 4%, 5%, категорично тогашниот министер за финансии, како претставник на Владата, ги одбил и доаѓаме во ситуација каде за член 9 став 2, од тогашниот пратеник Исмет Рамадани, каде што со амандман се бараше зафаќањето од ДДВ да биде 4%, тогашната парламентарната позиција да го одбие и да гласаат против. Против гласаа тогашните преници кои и сега се пратеници, но сега се во обратна ситуација, сега се опозициони. Тогаш како пратеници на власта ја имаат можноста да го усвојат тој амандман што немаше да биде 4,5%, како што сега вие барате, доволно ќе беше со 4% и тогаш ќе имаше доволно средства каде единиците на локална самоуправа за овие две години ќе покажеа дали можат да опстанат со средствата кои им припаѓаат, согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправ. За чудо, гледаме Славица Грковска гласала против, Цветанка Иванова што сега е претставник на законот гласала против, Слободан Најдовски против, Јани Макрадули против, Андреј Жерновски против, а гледам овде се потпишани каде бараат зголемување во зафаќањето од персоналниот данок 4,5% и во ДДВ 4,5%.

Мислам дека еднаш треба да се свати дека овој народ не е со кратко памтење, ја набљудува секоја постапка на сите политичари кои биле и на власт и во опозиција. Мислам дека не треба да одиме со вакви ситни политички поени што сепак мислам дека тие што ги прават повеќе губат отколку што добиваат. Не би требало да се гледа да се постигне ефект и да се каже еве ние се залагаме за општините, се залагаме за погоелмо финансирање на општините, но власта е таа која не дава. Мислам дека тогашната власт имаше голема шанса каде сега тоа што го бараа можеа глатко да го поминат и да се добијат средства со кои општините ќе егзистираат, согласно надлежностите што им припаднаа, согласно на децентрализацијата. Но, треба да се потсетиме дека не само што Зконот кој е донесен е даден процент што од одредени патеници сега се бара зголемување, туку и тоа што им беше дадено на тогашната власт, немаа слух за финансирање на општините. Зошто? Затоа што минситерот за финансии, парите кои беа наменети за училиштата 40% им ги намали. Не го кажувам овде тоа напамет, туку тоа е официјален став на општините односно на ЗЕЛС. Тогашниот премиер Бучковски вети и даде согласност во која искажа дека е направена неправда каде што образованието кое се децентрализира, се префрли на општините, треба да им се дадат доволно средства, а не да се кратат и гледаме ситуација каде премиерот дава една изјава, министерот за финансиине ја почитува таа изјава.

По однос на зафаќањето на ДДВ, можам да констатирам, тоа гокажуваат и статистичките показатели, го покажува и досегашната пракса, скопските општини добија помалку од ДДВ. Министерот за финансии почитувајќи ја неговата методологија им даде помалку средства на скопските општини. Не би сакал да се водам од тоа дека сепак градоначалниците на скопските општини припаѓаа тогаш на опозиционата ВМРО-ДПМНЕ. Сепак некој кога се залага и кога ја врши својата обврска,не би требало да дели општини кои припаѓаат на власта или на опозицијата. Но сепак во тој момент, според неговата методологија, на скопските општини им даде 10% помалку од зафаќањето од ДДВ и доаѓаме во ситуација каде една скопска општина со иста големина со една општина од внатрешноста, да има многу помалку средства.

Две години се немаше сенс се има средба со ЗЕЛС . Тоа беше многу значајно да ги истакне своите проблеми за да може власта да реагира и да укаже дали одредени проблеми што ги истакнува ЗЕЛС, согласно своите надлежности да интервенира. Беше согласно законите укажано дека долговите кои што ги имаат училиштата до 1.07.2005 година треба централната власт да ги исчисти. Но, од страна на Министерството за финансии тие долгови не беа исчистени и новите општини тргнаа со новите надлежности, со долгови претходно направени.

Можам да кажам дека за ова време на владеењето на оваа власт, сите долгови кои што претходно беа направени се исчистени. Исчистени се така што оние долгови кои што беа, а требаше претходната власт да ги исчисти ги превзеде оваа власт и ги расчисти, да може училиштата да функционираат и да можат да дадат свој придонес, со оглед на надлежностите што се префрлија на локално ниво. Имаме поголем број на средби, како што ни е познато од министрите, средби со претставниците од ЗЕЛС каде што се искажуваат и се укажува на одредени проблеми кои што ги имаат општините и мислам дека такви средба треба да продолжат во кои што новата власт може да даде свој придонес во однос на функционирањето на општините. Зголемени се средствата за 20% за училиштата, кои што претходната власт ги даваше и сега средствата се зголемени за 20% и тие мислам дека се доволни за да може да функционираат и основните потреби кои што треба да ги прават училиштата да функционираат. Тоа е што можеше и што го направи оваа Владата овие 4-5 месеци.

Мислам дека сепак, опозицијата да даде доволно време во кое што ќе овозможи на новата Влада да покаже и да докаже колку и како се грижи во однос на децентрализацијата, поготово што е уште позначајно за финансирањето на единиците на локална самоуправа. Не би требало, сепак, со вакви излети да создаваме клима дека новата Влада не е заинтересирана за

децентрализацијата, не е заинтересирана за посамостојно, подобро финансирање на единиците на локална самоуправа, но еве тие откога дошле во опозиција, последните 2-3 месеци им текнало дека треба да се зголемат тие средства и покрај тоа што имаат две години за кое време можеа тоа да го направат.

Само да потсетам дека донесен е Законот за минерали, со кој закон е предвидено 40% од идните концесионерски средства да се плаќаат во единиците на локална самоуправа. Тоа е еден дел во кој што се зголемува финансирањето на единиците на локална самоуправа, со Уредба на Владата која беше изгласана на претходната седница на Владата 30-45% повеќе средства ќе се префрлаат за греење, транспорт и за други потреби за нормално функционирање на училиштата. Исто така, сериозно Владата размислува да се прифати барањето на ЗЕЛС кое што и предтходно го бараа, данок на имот да плаќаат сите правни и физички лица, што би претставувало дополнителен извор на средства во Буџетот на општините.

Мислам дека и парламентарните партии и опозиционите партии треба да одиме со едни вакви конкретни чекори со кои што ќе го зголемиме финансирањето на единиците на локална самоуправа, а не да одиме со догматски трикови во кој ќе укажуваме дека еве после два месеци откако ние паднавме на власт ни текнало дека требало персоналниот данок да се зголеми од 3 на 4,5% и ДДВ од 3 на 4,5%. Дали знаете што значи зголемување на ДДВ од 3 на 4,5%. Тоа е зафаќење во Буџетот за 4 50 милиони денари. Знаете и мислите дека така е тоа едноставно во кое што претходниот екс министер за финансии, да му поднесовте таков предлог, ќе ве натераше да го повлечете, ќе ве натераше, како што ве натерал тогаш да гласате против амандманите кои што ги поднесоа пратениците. Овде пишува јасно и гласно кој како гласал. Сте гласале против зголемувањето на ДДВ од 3 на 4,5%. Треба да одиме на одредени измени можеби на законите. Со одредени потези со кои што треба да се јакне сепак општинската администрација. Општинската администрација која што треба да го зголеми својот капацитет да може да одговори на обврските кои што произлегуваат од законите за прибирање на средства. Тоа е можеби уште позначајно и тоа е еден практичен потез со кој што ние сепак, не би искажувале една догма и едни трикови во кои што знаеме дека однапред ќе бидат прочитани и такви потези нема да бидат прифатени. Затоа, сметам дека овој Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, со Предлог на закон треба да биде одбиен, да не биде прифатен и да не доаѓаме во ситуација да ги залажуваме и јавноста и граѓаните и градоначалниците и сите други фактори на кои што им зависи од овој закон опстојувањето дека ние кога сме во позиција прогледуваме, а кога сме на власт не гледаме ништо околу себе. Треба да имаме конкретни и реални потези со кои што потези ќе кажеме дека сме навистина со одредено законско решение, со кое што не би изгубил никој, а би добил оној за кое што е наменето тоа. Ова и ваков закон се гледа дека само некој сака ситни и партиски интереси да добие, но генерално губиме сите. И, мислам дека понатаму не би требало да се преземаат, без оглед за која политичка партија, без оглед за кој политичар, туку курсот кој што го имаме за одредена тема, за одредена дејност да биде константен и да не доаѓаме во позиција да се надмудруваме кој е позаинтересиран за конкретниот случај, за општините и за нивното финансирање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Дали госпоѓа Цветанка Иванова се јави како предлагач, или за реплика.

**Цветанка Иванова:** За реплика.

**Бесим Догани:** Тогаш на ред е Слободан Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине, потпретседателе, почитувани пратеници.

Јас се обидувам да држам до своите принципи во однесувањето на политиката и она што ме заинтригира да му реплицирам на господинот Вељаноски тоа е дволичноста при донесувањето на законите.

Господине Вељаноски, ако така читате можете така да толкувате. Но ако сакате да размислувате онака како што е законот, бидејќи во бројките во економијата мора егзактно, тогаш воопшто не сте во право.

Прво, господинот потпретседател ви дозволи да зборувате за се, само не да зборувате за законот кој што е предложен. Вашата основна заложба е дека оние кои што се потпишале за овој Предлог закон, покажаа дволичност. Тогаш изгласале 3%, сега бараат 4,5%. Јас и во својата дискусија подоцна ќе ви кажам, а и сега ќе ви изнесам. Овој закон, се разликува од тие проценти тогаш, а ќе ви кажам зошто. Заради тоа што најголемата измама на оваа Влада е така наречениот рамен данок, со кој што наводно, се намалиле даноците во Република Македонија. И реално беше да се очекува да се изменат законите кои се поврзани со стапката на персоналниот данок затоа што, ако наводно, како што вели Владата го намалеше персоналецот во Република Македонија за 20%, тогаш мораше овој закон да се усвои вака како што го имаме ние предложено, заради тоа што тогаш 3% од тие тогашни 15% е на приближно ниво од ова што сега ние го предлагаме. Односно, вкупната маса од персонален данок на доход која што треба да оди во општините и со измена на овој закон не се разликува. Е минимално драстично во плус или во минус. Што значи дека стапката, вкупната маса на пари која што од Буџетот по основ на персонален данок на доход би одела по општините ќе остане иста, ако се усвои овој закон. Во спротивно, ако остане законот за персонален данок, односно за финансирање на единиците на локална

самоуправа не изменет, тогаш за минимум 20% од Централниот буџет на Република Македонија ќе одат помалку пари во општините, отколку што оделе порано. Заради тоа е потребно да се усвои ваков закон. Таа иста ставка што сме ја усвоиле во претходниот состав на Парламентот е друга господине Вељаноски и затоа ви реплицирам. Значи, нема дволичност. Вкупните зафаќања во Република Македонија според овој закон ние ги ставаме на исто ниво. А после ќе зборувам зошто е дискутабилно да се изгласа овој закон, заради тоа што немаме никакви податоци од Министерството за финансии. Само сакам да ви кажам дека немало воопшто дволичност, напротив истото мислење и сега и тогаш го застапуваат предлагачите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута господин Трајко Вељаноски. Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господине Најдовски не знам зошто 3% е исто во 2004 година и сега. Само што вие сте сега опозиционен пратеник. Но, без оглед што се намалува персоналниот данок од 15% на 12% се оди на тоа да се оствари истата маса во однос на персоналниот данок. Значи, не одиме персоналниот данок, односно зафаќањето од персоналниот данок да даде помала маса, отколку што била со 15%.

Втора работа, вие зборувавме за персонален данок, ништо не спомнавте за ДДВ, а барате измена на ДДВ. Персоналниот данок спрема ДДВ е 1:5. Вие зошто се потпишавте тогаш за промена на ДДВ. Што има измена во ДДВ во однос на зафаќањето од 3 на 4,5%. Затоа кажав дека 3% 2004 и сега се исто, само разлика е во пратеничките клупи каде седите.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Три минути реплика има пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да му реплицирам на господинот Вељаноски за неколку работи.

Прво, жал ми е што го одбра пристапот како аргумент да користи негација на законот, тоа што претходно се залагал некој, а сега тоа да му биде аргумент и тој истото да го прави, а притоа да не понуди ниту еден аргумент во смисла на тоа како да се реши проблемот со финансирањето на единиците на локална самоуправа, туку напротив, како за многу други работи во овој Парламент, ако нешто се предложи од страна на опозицијата или она што не го мисли владеачкото мнозинство, ќе ги извадиме стенограмите и ќе кажеме како вие правевте претходно, сега ние истото ќе го правиме, а претходно сме зборувале дека тоа е погрешно. И сега, кругот цело време ќе се врти и државата ќе стои во место и никако не ќе можеме да се одлепиме да тргнеме напред. Значи, зборуваме за процес на децентрализација кој што е прво пред се комплексен и е процес. Кога се почнувало со овој процес и оценките на таа Влада биле тие дека толку треба да се одвои од ДДВ, дека така треба да се формира територијалната организација и дека така треба да изгледа локалната самоуправа во Република Македонија. Вие не можете да бегате од процесот на децентрализација, со тоа што ќе не напаѓате нас. Имате две шанси. Или да го смените Законот за територијалната организација, кој што не можете да го направите, бидејќи ќе ви дојдат Кичево и Струга за кој што ја дигнавте Република Македонија на референдум, а сега ќе немате храброст да го предложите, или ќе предложите решение како понатаму да оди процесот на децентрализација. Или ќе предложите да се финансираат општините на нормален начин, да не се случи да читаме по весниците дека училиштата немаат парно, некаде паднал кровот па да учат по кафеани, а од друга страна Владата да вели ќе купуваме компјутери, а нема каде да ги ставиме компјутерите, бидејќи нема школски згради. Сега ако тоа е концепт на децентрализација и одење напред на Република Македонија, мислам дека е погрешно. И на крајот, ако сметате дека претходно вашите сопартијци, јас ги читам во стенограмите Силвана Бонева и Коце Трајановски, кој што сега е градоначалник, сметале дека треба 4,5% од ДДВ да се одвојуваат за финансирање на единиците на локална самоуправа, што се сменило сега. Зошто не го поддржите законот. Законот едноставно се совпаѓа со вашите залагања претходно како опозиција, со тоа што сега можете да го реализирате од позиција на оваа власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Не знам пратеникот Марјанчо дали ме слушаше или не. Јас во моето излагање и покрај тоа што се навратив малку во минатото да се потсетиме во име на вистината, кажав и одредени потези кои што Власта сега ги направи. Кажав дека е донесен Законот за минерали, со кој закон е предвидено 40% од нивните концесионерски средства да се уплаќаат во буџетите на единиците на локална самоуправа. Ова го повторувам, сепак, да ви биде јасно, ако не сте ме слушале претходно. Дека се префрлени 164 милиони денари за училиштата, дека се расчистени старите долгови дека со измените во Законот за имот да плаќаат сите правни и физички лица ист данок на имот. Кажувам за конкретни чекори со кои што сепак новата Влада, за овие неколку месеци ги презеде, а не за вакви чекори кои што вие сметате дека не се во ред. Благодарам

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика има пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине Трајко Вељаноски ова ќе ви биде кратка реплика, а кога ќе дојдам за збор ќе слушнете сериозна аргументација. Она што сега сакам да го соопштам е следново:

Прво, не ме зачуди што применивме модел на дисквалификации, затоа што кога немате аргументи дисквалификациите се главна осовина на која ќе се потпрете. Само да потсетам: дволичност, сега им текнало, ситени поени, догматски трикови. Ова се цитати од вашиот говор. И враќање во историјата. Сега, јас да ве вратам во историјата 2004 година. Знаете ли вие 2004 година што направивте кога почна процесот на децентрализација. Вие лично, на чело со вашиот господин Груевски излеговте низ цела Македонија да оргнизирате референдум, со цел да го спречите процесот на децентрализација. Се сликавте по улици, по регионални патишта како го запирате сообраќајот на цела Македонија и соопштувате дека нема да дозволите 84 општини. Тоа ако се оствареше, процес на децентрализација ќе немаше. Немаше да имате ни шанса да разговарате за еден, два, три проценти итн, затоа, не се враќајте многу во минатото, зашто во минатото досите на ВМРО-ДПМНЕ за децентрализацијата е ужасно. Вие бевте против неа. Едноставно, бевте против. Затоа што на секој му беше јасно дека ако вашиот референдум успее и останат 124 општини меѓу кои и Бач итн, Старавина, дека нема да има децентрализација. Изгледа сега вие сте го смениле мислењето.

Меѓутоа, ако сакате назад во историјата, назад во историјата го пишува ова што сега јас го зборувам. Вие бевте против децентрализацијата. И сега немате апсолутно никакво морално право на друг да држите лекции за тоа. Имавте референдум, собиравте потписи и прашањето беше да остане старата регионална поделба, односно територијална поделба.

Второ, за тоа не ми дава времето сега. Знаете зошто скопските општини добиваат повеќе пари во однос на Градот Скопје? Затоа што имаат мнозинство при одлучување во владиното тело каде што се шест од општините, а пет од Владата. И тие шест знаете што одлучија на чело со вашите шест градоначалници во Град Скопје, да не ви ги именувам, од Кисела Вода до Ѓорче Петров, не сакаа да потпишат, туку рекоа: не не интересира за Градот Скопје, ние стоиме против ова и имаме мнозинство и го изгласаа против, вашите од ВМРО-ДПМНЕ.

За деловниот простор ме интересира како ќе го оданочите. Во вашата фаза на оданочувањето во Република Македонија вие го најавивте и многу сум среќен за ова. Уверен сум во едно, вашата даночна политика со ова што го најавивте ќе заврши во повисоки даноци. Сега најавивте оданочување на деловниот простор во корист на општините. Супер, тоа да им го соопштите на Стопанската комора.

И уште едно, господинот Коњановски пред три дена излезе во јавноста пред камера и соопшти дека само 10 општини исполнуваат критериум за втората фаза. Кои долгови сте ги исчистиле вие, што сте исчистиле, само ако 10 општини ги исполнуваат критериумите? А знаете оние со петте најголеми долгови од кои општини произлегуваат, петте најзадолжени општини во 2005 пред локалните избори беа: Делчево, Охрид итн. Прашајте се чии беа тие градоначалници.

**Бесим Догани:** Контра реплика пратеникот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господине Никола Поповски, вие бевте министер за финансии и бевте претставник во ова Собрание за овој закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а друг беше министер кој што водеше сметка за Законот за територијална поделба. Гледам дека станавте експерт и за тоа, како што го донесовте овој Закон за финансирање, испадна дека сте експерт и за територијалната поделба. Во моментов се расправа за Закон за финансирање на единици на локална самоуправа кое што вие го браневте овде. Дисквалификации. Јас ништо не кажав невистини. Сето тоа што го ка жав, вие требаше да го оповргнете. Јас читав нешто што било претходно и врз основа на тоа вие треба да кажете дали е точно, или не. Кои долгови ние сме ги исчистиле? Оние долгови кои што вие ги оставивте, баш вие како министер за финансии им ги оставивте на општините да бидат во долгови и да не можат да превземат основни работи кои што им припаѓаат согласно надлежностите кои што ги имаат. Тие долгови, господиние Никола Поповски.

**Бесим Догани:** Три минути реплика Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Ќе реплицирам во однос на излагањето на господинот Трајко Вељаноски кој што со доста невиситни се обиде да не дискутира за законот, туку да најде оправдување зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да гласаат во интерес на граѓаните на Република Македонија. Значи, без разлика, можам да ја цитирам историјата, ќе се вратам јас потоа малку назад на историјата. Ако се усвои овој закон подобро ќе им биде на сите граѓани на Република Македонија без разлика кој за кого гласал на 5 јули. Затоа што процесот на децентрализација е приближување до интересите и сервисирање на потребите секојдневни на граѓаните во Република Македонија, без разлика за која политичка партија гласале на 5 јули. Со овој закон само ќе им биде подобро, ќе има повеќе пари за да се реновира школото, ќе има повеќе пари да се среди дворот во кој што е општината, центарот во кој што живеат, ѓубрето да се собира подобро итн. Не може свое оправдување да бараме во историјата и да се обвинуваат други за нешто од кое што ќе имаат интерес сите граѓани во Република Македонија.

СДСМ потписниците на овој закон и подржан од ЛДП го поднесоа на 30 ноември од кога видовме

дека Владата влегува во една авантура со рамниот данок, концептот на рамниот данок. И кога го намали персоналниот данок, а процент од тој персонален данок се издвојува за општините, сосема природно беше во интререс на граѓаните на Република Македонија без оглед за кој гласале на 5 јули, да предложиме закон со кој што ќе живеат подобро и ќе имаат подобри услови нивните деца, пензионерите, сите во една општина.

А кога зборуваме за континуитет, ние чекавме првите три месеци поминаа, ама нема нов закон Струга да се врати во старите граници, нема нов закон албанското знаме да биде помалечко, па од лево, ако може и во подрум да биде ставено, како што ветуваа во првите 100 дена. Сега ставаат слушалици пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, тоа ме радува, а вчудоневиден сум, гледам дека и пензии ќе дадат на припадниците на ОНА. Е тоа е континуитет. Но, тоа е разлика на политичките партии.

**Бесим Догани:** Контра реплика за пратеникот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господине Макрадули, вие после 5 јули почнавте да мислите дека со овој закон ќе биде добро за децата, за пензионерите, за граѓаните. Зошто тогаш не му ја поставивте таа дилема на вашиот колега што е до вас тука, како министер за финансии дека ако се усвојат тие амандмани со 4%, како што беа поднесени од Исмет Рамадани, дека ќе биде подобро, туку сега се прогледа и сега се увиде дека во моментот вака треба да биде поставено зафаќањето во однос на финансирањето. Не знам зошто цело време одите на персоналниот данок. Персоналниот данок во однос на зафаќањата од ДДВ се еден спрема пет. Вие овде барате измена во ДДВ. Кажете го образложението зошто барате измена во ДДВ од 3 на 4,5%? Основот ви е намалувањето на персоналниот од 15 на 12% за да може да се зафати и во ДДВ-то.

**Бесим Догани:** Реплика пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, јас навистина воопшто не сум изненадена од говорот на колегата Трајко Вељаноски, затоа што при непостоење на аргументи, нормално е човек да се враќа во времеплов и да бара аргументи за нешто навистина што не постојат. Дека пратеничката група на СДСМ со понесувањето на овој Предлог на закон брка ситни политички поени, и тој самиот знае дека не е точно, затоа што овој проект, овој закон е барање на ЗЕЛС. Мислењата и ставовите на ЗЕЛС во кој што учествуваат сите градоначалници без разлика од која политичка партија се, се доставени и до Министерството за финансии во октомври 2006 година. Бидејќи немаше слух ниту Владата, ниту Министерстовото, ние по барање на ЗЕЛС поднесовме ваков закон во ноември. Значи, не бркаме ситни политички поени, туку ова е реално барање и реална потреба на ЗЕЛС. Понатаму, пак заради јавноста, дека сме немале слух при донесувањето на законот за финансирање на единиците за локална самоуправа. Сме имале слух и сме имале и голема храброст да отпочнеме еден голем проект, но сме биле многу претпазливи, затоа што ова е сериозна работа и затоа со ваков процент. На колегата Трајко да му кажам дека овој закон се применува од 1 јули 2005 година, тоа значи една година до изборите е многу малку време да се видат кои се импликациите кои што произлегуваат, и дали ова е доволно, или недоволно за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Значи, не се работи за дволичност колега, туку се работи за голема претпазливост, затоа што имаме чувство за државност, затоа што имаме чувство за обврска кон она што го работиме.

А околу средбите со власта. ЗЕЛС имаше средби со премиерот постојано. Околу селективноста само еден пример, за прв пат Министерството за култура не финансира еден карневал кој што е од светски ранг, заради тоа што градоначалникот е од СДСМ. Поголем пример за селелктивно постапување на Владата никогаш немало во ниедна Влада. А околу фактот дека ние сме немале конкретни предлози, па сега сме се занимавале со вакви работи. Точно овој конкретен предлог е реална потреба на граѓаните. Ние ова го бараме заради граѓаните, затоа што долгот во основните училишта е исплатен само 40%. Во средните, за кои што барате сега подоцна со уставните измени задолжително средно образование, не е ни помрднат. Значи, ова е реална состојба, а не дволичност и ситни политички поени.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Во излагањето на Цветанка Иванова испадна дека само тие се во однос на децентрализација. Малку да се потсетиме, Законот за локална самоуправа беше донесен во 2002 година. Од него произлегоа одредени обврски како што се и Законот за територијалната организација, Закон за финансирање. Значи, вие не го започнавте процесот на децентрализација.

По однос на барањето на ЗЕЛС, а ЗЕЛС цело време бараше средба со тогашниот министер за финансии, ниту еднаш не им удостои. Имаше барања исто така до пратеничкиот дом во однос на ова што сега вас ви го доставив. Вие тогаш не го гледавте. Дури сега увидовте што бара ЗЕЛС. Како што кажавте, една година било малку, а една година и три месеци се доволно за да го поднесето овој закон со измените за зафаќањето од персоналниот данок и од ДДВ-то.

**Бесим Догани:** Реплика пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам. Од излагањето на претходниот дискутант јасно се кажа, народот јасно можеше да чуе дека владеачкото мнозинство е против локалната власт, дека владеачкото мнозинство е против локаланат

власт за сметка на централната власт. Една песна пеевте пред 5 јули, друга песна пеете сега. Да, токму така е. Неприфаќањето на овие 4, 5% со зборовите: трикови, догма, залажување, надмудрување, четки. Е тоа е трик, господине Вељаноски. Трикови, го излажавте народот, на 5 јули ви ја даде власта и сега констатирате во денешната колумна на еден од авторите на вашата портокалова во 100 чекори програма, дека програмите вообичаено ги имплементираат други, а не оние што ги пишуваат. Демек, добро напишале тие што ги пишувале, но овие што ги имплементриаат Владата на господинот Груевски и владеачкото мнозинство во Парламентот се виновни, затоа што како, така го одработувале тоа што им е зададено како задача без некоја поголема посветеност и ангажирање. Мене ми е жал што немате  поголема посветеност на работата која што ја вршите. Се виде од вашата дискусија. Тоа е прво.

Второ, сакате да го имитирате Ајнштајн и неговата теорија на релативитет. 20-те милиони евра дадени субвенција на МЕПСО за набавка на нафта, на мазут беа добар и уносен бизнис, а 7-те милиони евра кои согласно овој  наш закон треба да се поделат на единиците на локалната самоуправа се многу пари. Што е повеќе, 7 милиони евра рамни на 420 милиони денари, или 20 милиони евра кои ги дадовте подарок, субвенција на МЕБСО. Уште повеќе може да прочитаме, со запирањето на ТЕЦ Неготино дека месечно за термоцентралата за работа биле потребни само 420 илјади евра. 420 илјади евра по 4 месеци колку што работеше термоцентралата за набавка на мазут изнесуваат 1. 680, 000 евра. До 20 милиони евра, или 13 милиони евра кои потоа министерот Трајко Славески ги искажа е разлика од над 10 милиони евра. Во кој џеб од оваа директна спогодба отидоа овие пари? 7 милиони евра за локалната самоуправа не се многу пари во однос со овие.

**Бесим Догани:** Контра реплика, пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе,

Не знам колешката од каде заклучи дека ние сме против локалната власт. Ниту ние сме, ниту вие сте. Со такви квалификации никогаш не се сложувам и не сакам да кажам дека некој без оглед дали е во опозиција, или е на власт, е против локалната власт. Може во одредени потези како што кажав да сака да направи ситни политички поени, но генерално политиката губи. А во однос на таа една песна, ние една песна ја пеевме и пред 5 јули и после 5 јули. Но, жално е што вие не сте доволно музикални да ја сватите таа песна и да видите за што се однесува. Мислам дека граѓаните тоа го ценат и помузикални се од вас за да сфатат дали  е добра, или е лоша таа песна.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници. Би сакала да го искажам својот став околу Предлогот за измени и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, бидејќи овој Закон е еден од суштинските закони, ако не и столб на децентрализацијата на целиот процес на децентрализација. Ние што туку ја почнавме децентрализацијата, а пред нас треба наскоро да стартува втората фаза на фискалната децентрализација. Фактите зборуваат од она што досега е спроведено дека процесот се одвива за волја на вистината некаде поспоро, некаде побрзо, меѓутоа е отпочнат. Исто така во овој процес на децентрализација од она што го имаме како обратно од единиците на локалната самоуправа е дека надлежностите се многу зголемени, меѓутоа финансиите на единиците на локалната самоуправа сеуште се претесни за да можат да ги завршуваат своите надлежности кои со децентрализацијата им се симнати на локално ниво. Можеби тоа е основната причина што ваквите факти ги натерале предлагачите да предложат еден ваков Предлог на закон за измени токму во процентите на зафаќањето во ДДВ-то и персоналниот данок кои ќе одат за финансирање на локалната самоуправа. Потегот и предлогот е добар и потребата е евидентна, меѓутоа дали понуденото решение е суштинско и дали ќе ги задоволи ваквите потреби на локалната самоуправа, дали е прецизно пресметано колкави ќе бидат тие зафаќања во Буџетот, какви ќе бидат финансиските импликации со оглед на тоа дека ние сме некаде во вториот месец на буџетската година, значи неодамна го донесовме Буџетот. Тој е проектиран според постојните решенија и веројатно доколку се усвои едно вакво решение неминовно ќе се наметне потребата од ребаланс, иако се работи за мали проценти, меѓутоа ќе предизвика една дисторзија во буџетското проектирање на средствата.

Би сакала да истакнам дека и при носењето на овој закон имаше размислување и не се изгради конзистентна полититка околу тоа колкави треба да бидат зафаќањата од ДДВ-то, за средства кои ќе одат на единиците на локалната самоуправа. Тогаш, да се потсетиме стартувавме со еден предлог од 1% на ДДВ-то да во меѓувреме во втората фаза се понуди 2,5% од ДДВ-то од вкупната маса на собраното ДДВ, па некаде на крајот амандмански да се усвои решение со 3%. Имаше размислувања дека се многу таквите средства од Буџетот, имаше размислувања дека треба да бидат поголеми. Јас бев еден од тие што тврдеше дека треба да бидат поголеми. И сега еве времето покажува дека токму така требало да бидат поголеми средствата. Меѓутоа, требало да се направи финансиски преглед колкави се тие сретства и какви ќе бидат финансиските импликации. Ние овде во овој предлог, за жал предлагачите не ни дадоа за колкави суми, дури и ми се чини некаде пишува

дека не се потребни финансиски средства за реализација. Да, меѓутоа и за фискални зафаќања во Буџетот и текако ќе има силни поместувања. И сега тука се доведувам до размислувања, дали треба да го подржиме овој Предлог, или е потребно овој текст, или беше потребно предлагачите можеби во две фази, иако се само два члена, овде се работи за едно големо поместување на финансиските средства кои од централниот Буџет ќе бидат одвојувани, од прибраното ДДВ ќе бидат отстапувани на локалната самоуправа. Меѓутоа таква анализа немаме.

Ние сега одиме некако наслепо и не знаеме колкави ќе бидат тие импликации и дали ќе предизвикаме поголеми потреси во финансирањето на сите функции на државата, би рекла, вклучување и на локалните самоуправи, доколку без никакви анализи усвоиме вакво законско решение.

По однос на процентот кој се однесува за измени на процентот за персоналниот данок, можеби тука и наоѓам оправдување за процент од 3% на 4,5%, иако и за тука немаме никаква анализа, за колкави средства тоа ќе се работи. Постои мислење и објаснување дека поради воведувањето на рамниот данок, со кои се измени даночната политика во овој сегмент односно во персоналниот данок, до скоро имавме персонален данок 15%,18% и 24% , сега Парламентот изглгаса решение за рамен данок, данок од 12%. Дали 4,5% барани со овој предлог, ќе значат иста сума на пари за локалната самоуправа, бидејќи поинаку ќе имаме поинаков процент на персонален данок или пак ќе значи зголемување на тие средства. Меѓутоа, немаме анализа и тоа е она што мене ме спречува, можеби во моментов, да дадам поддршка на текстот на овој закон, па затоа мислев дека треба предлагачите да размислат за две фази , иако јас лично немам ништо против, дури се согласувам дека треба да се интервенира во овој Закон и има потреба да се изменат некои ставки во Законот, бидејќи децентрализацијата како процес е доста жива, таа е доста долготраен процес и секако не може тој процес да биде еднаш законски решен и ние со еден закон и со неколку измени да ја завршиме децентрализацијата. Тој процес, јас верувам дека и во иднина ќе се судриме со потреба од изменување на овој закон, во зголемување на проценти и т.н., меѓутоа се поставува прашањето дали така градиме конзистентна политика, финансиска политика за единиците на локалната самоуправа. Или можеби требаше уште кога ги носевме законите да размислуваме за една поинаква стратегија односно за стратегија на процентни поени на зафаќање, да речеме 1% или 2% од 18% ДДВ, а не од вкупната маса на ДДВ. Но, тоа е веќе завршена работа, ние сме се одлучиле за ваква стратегија и во рамките на ова законско решение треба да изнаоѓаме решенија, со кои ќе обезбедиме барем задоволително средства на локалната самоуправа за нивно функционирање. Тука уште би сакала да потсетам дека ние неодамна изгласавме закон за минерални суровини, во кој што е предвидено 40% од концесиите, од она што е природно богатство во атарите на општините,овие средства да одат во локалните каси и тоа е добро решение, бидејќи јас и кога се носеше овој закон инсистирав да постои вакво решение во нашето законодавство, бидејќи тоа сепак се во атарите на општините и општините треба да користат дел од средствата од тие концесии. Значи, со овој сегмент ќе се со поправи финансиската состојба на општините односно ќе се збогати нивната каса би рекла, и ќе ја подобри положбата во однос на финансирањето на она што значи практицирање на локалната самоуправа односно на решавање на проблемите во единиците на локалната самоуправа.

Јас лично ќе дадам поддршка во првата фаза, но многу ми е жал што колегите пратеници кои го предложија овој закон не се одлучија за две фази, за меѓувреме да видиме дали токму понуденото решение да направиме еден финансиски преглед, да видиме какви ќе бидат реперкусиите по однос на Буџетот, бидејќи лесно е да изгласаме едно решение, меѓутоа ако немате точна финансиска реперкусија за Буџетот, можеме пак да предизвикаме потреси на друго место и по однос на тој дел навистина ќе останам воздржана. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Реплика има госпоѓа Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Јас и благодарам на госпоѓата Ристана Лалчевска за конструктивната дебата. Навистина, се потврдува она што ние го тврдевме и јас како образлагач на предлогот за донесување и останатите дискутанти од мојата пратеничка група, навистина, има потреба од донесување на овој закон. Факт е дека, неспорен факт е дека единиците на локалната самоуправа не можат со овие извори на средства да ги покриваат своите надлежности.Колку е децентрализирана општината, не се гледа во надлежностите кои што централната власт ќе им ги префрли, туку во самостојноста односно во нивнните извори на финансирање. Ако немате доволно средства да ги реализирате надлежностите, џабе се тие надлежности. А, тоа денес ни се случува во Република Македонија. Значи, по примерот на колешката Ристана Лалчевска, би сакала да настапат исто и колешката Силвана Бонева и колегата Илија Китановски, затоа што и тие беа при донесувањето на законот, го држеа ставот дека зафаќањето треба да биде 4%. Повторно, не ова заради ситни политички поени, туку заради реалната потреба, која што ја имаат општините. И, ако навистина го убедивме дел од парламентарното мнозинство, почнуваме да убедуваме, ако го убедиме парламентарното мнозинство дека навистина има потреба што јас

мислам дека не треба многу да се убедува, туку да се скрши да прифати дека иако овој Закон е од пратеничка група во опозиција, е потребен, ако го поддржи, ние како предлагачи ќе можеме да се договориме овој закон да оди во две фази и потоа евентуално со подлабока анализа да донесеме соодветно решение, кое што би ги покривало финансиските потреби на општините.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има пратеникот Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Мојот став по однос на овој закон е скоро идентичен со ставот што го имав и во претходната фаза кога го носевме овој закон. Тогаш, иако бев доста сомничава по однос на процентот на зафаќање на ДДВ-то, бидејќи кажав како се движеше од 1% ,2,5% па 3%, сега се нуди 4,5% меѓутоа без никакви анализи и тогаш беше така и сега е така. Значи тврдам дека има потреба повеќе пари за општините да се одвојат, но на точно една прецизна финансиска анализа и конструкција какви пак тие реперкусии ќе имаат на Буџетот, централниот Буџет да функционира нормално, а не да предизвикаме дисторзија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Збор има господин Ќуркчиев Никола.Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа го донесовме во 2004 година, поточно на 30 декември. Меѓутоа, неговата примена почна на 1 јули 2005 година.

Целта на овој Закон за финансирање на локалната самоуправа во Република Македонија беше да се создаде правна рамка и реални услови за создавање или изградба на еден конзистентен систем во делот на финансирањето на единиците на локалната самоуправа односно општините.

Со овој закон беа создадени услови за креирање на еден нов систем на финансирање на општините во Република Македонија, кој што не беше применет кај нас односно требаше да им се гарантира финансиска самостојност и квалитетно извршување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Имено, зошто ова го потенцирам? Заради тоа што во 1997 година Република Македонија ја усвои европската поделба за локална самоуправа во делот на финансирањето. И, кога ги носевме сите закони во делот на локалната самоуправа, тогашната опозиција немаше говор или настап да не ја цитира истата. Ќе ми дозволите само да го цитирам член 4 на Европската повелба за локална самоуправа, која од 1997 година стана и е дел на правниот поредок во Република Македонија.

Во член 9, во делот на изворите на финансирање на локалните власти се вели, во точка 1: "Локалните власти во согласност со економската политика на земјата ќе имаат право на соодветни сопствени извори на финансирање, со кои ќе располагаат слободно во рамките на своите овластувања".

Во точка 2 се вели: "Изворите на финансирањето на локалните власти ќе бидат примерени на нивните должности и надлежности што ги пропишуваат Уставот или Законот".

Во точка 6 се вели: "Локалните власти на соодветен начин ќе бидат консултирани во поглед на методот врз основа на кој ќе им бидат доделени редистрибуирани извори на финансирањето". Се надевам дека и во друга прилика многу брзо ќе имаме можност да разговараме за оваа точка.

Во точка 7 се вели: "Колку што е можно средствата кои се пренесуваат на локалните власти нема да имаат карактер на наменски средства. Со доделувањето на тие средства не може да се загрози дискреционото право на локалните власти да водат политика во рамките на своите овластувања".

Почитувани колеги, мислам дека единствена маана на овој предлог-закон , за кој што денес ние расправаме, што доаѓа од опозицијата односно СДСМ, сите говорници спомнаа една голема виситина, а тоа е дека без фискална децентрализација не може, сега тоа некој и упорно да го бара и да го сака, не може да зборуваме за локална самоуправа, ниту кај нас, ниту било каде во светот е поинаку.

При носење на сегашниот закон, тогаш се имаа предвид повеќе фактори, меѓутоа, особено се имаа предвид состојбите во кои се наоѓаа тогашните општини во Република Македонија. Основа на се, тоа мора да го признаеме сите ние е сразмерноста или секој оној кој што ќе направи вистински баланс помеѓу приходите и средствата со кои располагаат локалните самоуправи и надлежностите, ќе направи вистинска децентрализација, за која што ние не знаеме многу да зборуваме, меѓутоа кога сме пред нашите гласачи. Пред граѓаните од каде што доаѓаме, со нарушен баланс, со нарушени односи помеѓу овие две суштински прашања, не може да стане збор за децентрализација на власта. Значи, поедноставно да кажам, општините во Република Македонија мора да имаат обезбедено сигурни извори на приходи, предвидливи. Инаку, навистина, буџетското планирање наистите ќе продолжи и во наредниот период да биде онака како што е денес , да биде едноставно избор на желби на советниците, кои што доаѓаат од политичките партии, кои што се предложени.

Во моментов сакам да потенцирам дека локалната самоуправа има 40% помалку средства од порано, пред да биде донесен овој закон, ако сакате од минатата година само во делот на образованието и културата. 40% од средствата, кои што беа наменети за овие две дејности. Денес, во локалната самоуправа во

Република Македонија повеќе од 50% се извори на приходи од непредвидливи извори, а најголем дел од тоа се надоместокот за уредување на градежно земјиште и знаеме дека неоправдано понекогаш советите и градоначалниците знаат да ги користат овие средства. Бидејќи и денес честопати се спомнуваше ЗЕЛС, еве да кажам нешто во врска со оваа заедница на единците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Од 1996 година до 2000 година, кога јас бев претседател на ЗЕЛС, само 1% до 2% во Република Македонија се одвојуваа од вкупната јавна потрошувачка беше за локално ниво. Денес, во 2007 година тој процент е скоро ист односно изнесува од 1% до 2% . Значи и денес треба да заклкучиме и да признаеме дека се случува голем дел на општините во Република Македонија да покриваат или имаат средства само за плати за вработените.

Почитувани колеги, значи не може да зборуваме за локален економски развој, не може воопшто да стане збор за такво нешто, заради тоа што и оние општини, кои што го имаат овој дел или овој план за локален економски развој, не претставува ништо друго, туку книга на желби. Имено, колку и да слушаме ние, секоја вечер дека голем број на општини го имаат тој сегмент и дека работат на тој план.

Министерството за локална самоуправа од своја страна , а и министерот ја кажа историската реченица дека во Москва зимно време било многу ладно. Кажа дека и градежното земјиште во Република Македонија треба да им биде преостапено на општините, меѓутоа, заборави да каже кога и дали тоа ќе биде во догледен период, токму заради стопанскиот и економскиот развој, за кој што сакаме сите ние да зборуваме пред нашите сограѓани. Сакам да кажам нешто што беше потенцирано од страна на колегите од позицијата. Мислам дека реално е сите да признаеме дека може да зборуваме зошто опозицијата денеска , зошто СДСМ бара токму 4,5% а не 5,5%, зошто не 3,7% и т.н., можеме да зборуваме за тоа, меѓутоа, ако продолжиме да зборуваме и да заборааме дека кога ќе дојдеме на некоја функција, должни сме да ги согледаме сите состојби, кои што ни се во надлежност. И, ако го направиме тоа , должни сме да понудиме решение за надминување на тие состојби и да ги корегираме онака како што мислиме дека е најдобро. Одговорноста, на крајот на краиштата, за децентрализацијата на власта, било каде во светот, не е на локалната самоуправа, не е на локално ниво, туку е на централната власт. Не постои никаде во светот локална самоуправа, локална власт која сама на себе ќе си даде власт. Тоа може да се направи само со Устав, само со закон и да го направи централната власт. Токму од тие причини ценралната власт е таа што треба да изврши корекции и во овој дел за кој што и ние денес зборуваме бидејќи ова е само почеток, децентрализацијата е процес, кој што не завршува со доенсување на овој закон за кој што ние денес дебатираме.

На крајот на краиштата, ако седнете и денес да зборувате со било кој советник или со било кој градоначалник, ќе ви каже дека не може само дел на одредени објекти и субјекти да им се дава на општините односно на локалната самоуправа, бидејќи тие во недостаток на средства ќе ги сметаат како товар. И, тоа и го сметаат и за спортските сали, и за музеите, и за театрите и т.н.Значи, товарот во делот на финансирањето и понатаму останува да биде главна приоритетна цел на централната власт, со доделување на наменски средства, а нормално дека таа е должна да води контрола каде и на кој начин се трошат тие средства.

Имајќи ги во предвид сите аспекти на финансирањето на локалната самоуправа, како клучно прашање без чие разрешување не може да стане реално и ефикасно вршење на надлежностите кои се дадени со Законот за локална самоуправа.

Токму од тие причини, почитувани колеги, покрај тоа што се залагаме да се прифатат и поддржат предложените измени од сите пратеници во делот на финансирањето на локалната самоуправа, треба да се преземат и многу други мерки за забрзување на процесот на фискалната децентрализација. Значи не завршува со овој предлог закон.

Ова прашање, на крајот на краиштата, да спомнам дека ќе биде посебно потенцирано во Извештајот на работната група на Советот на Европа која го следи процесот на децентрализација на власта во Република Македонија, а врз основа на тоа и разговорите кои ги водевме пред некој ден дел од нас пратениците со нив, може да се очекува соодветна препорака на Конгресот на локални и регионални власти на седницата во мај во Стразбур.

Имено, делегацијата во Република Македонија пред 10-тина дена ја водеше господинот Жан Клод Фрекон. Сенаторот од Франција кој е потпретседаел на Конгресот на локални и регионални власти.

Почитувани колеги, независно од тоа кој пратеник на која политичка партија припаѓа, сепак тој како граѓанин доаѓа од некоја општина во Република Македонија во која имаме сериозни проблеми. Доколку навистина имаме вистинска одговорност пред нашите сограѓани и избирачи од местата од кои доаѓаме, мораме да се согласиме дека со постојните средства не можат да се решаваат ниту основните, а уште помалку инвестиционите потреби во нашите локални заедници.

Денешниот чекор кој треба да го направиме со донесување на овој закон кон посериозни проценки и барем во неопходниот баланс за кој зборував за финансиски средства што им се отстапуваат на општините и во однос на нивните надлежности кои не се така мали, веројатно, уште долго време, заради економската состојба во земјата со сериозен недостиг на финансиски средства ќе се соочуваме и на централно и на

локално ниво. Но,животот, пред се, се одвива во локалните заедници и затоа мора да се надминеме, да изнајдеме начин за задоволување на основните потреби кои ни се неопходни во нашите локални заедници.

Затоа, да престанеме да ги отвораме дебатите за тоа кој колку правел или грешел, сосема соедно, во минатото, да се посветиме на суштинските обврски, да изнајдеме решенија за состојбите и проблемите кои сите нас, на крајот на краиштата, не погодуваат.

Затоа апелирам до сите пратеници во овој законодавен дом да ги поддржат предложените измени и очекувам дека со полна одговорност пред нашите сограѓани ќе ги бараме во сите дискусии кои не се така мали, ќе ги бараме во аргументите за предложените измени, а не против предлогот, свесни дека остануваат уште голем број не решени проблеми и прашања за кои,се надевам, во блиска иднина ќе зборуваме.

На крај да повторам нешто што беше кажано, сите ние да не заборавиме дека навистина нашиот народ не е со кратко паметење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

По редот на пријавените прва за реплика е госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете три минути.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе,

Јас би сакала само да реплицирам на постојаното критикување дека единствена мана на овој предлог е дека се дава од опозицијата. Јас внимателно ги следам сите ваши говори денеска и не се согласувам со една таква дискусија дека маната е заради тоа што доаѓа од опозицијата.

Сепак мислам дека овој предлог треба да оди во две фази од следниве причини: Прво, со проблемите на локалната самоуправа и децентрализацијата имав можност да се запознаам додека бев во Советот на Град Скопје, навистина проблемите се многукратни, но господине Ќуркчиев ќе се обидам само накратко да ги лоцирам во методологијата и затоа мислам дека оваа Влада треба што поскоро да изврши ревидирање на постојната методологија за редистрибуција на средства.

Вториот проблем е проблемот со кој се соочувавме во советите, поготово во Советот на Град Скопје како посебна целина ја издвојувам, јас како советник учествував во подготвување на заклучокот дека овие средства се несоодветно редистрибуирани на ниво на Град Скопје и дека треба да се преиспита методологијата.

Вториот проблем кој неминовно би го ставила во оваа целина, тоа е проблемот на прибирање на даноците во градовите. Ние имаме проблем на кој начин да ги собереме средствата, со кои проблеми се јавуваме во текот на децентрализацијата, како се екипираат градовите во тој дел и мислам дека недоволно се исцрпени ресурсите со собирањето на даноците. Тоа е основното што треба да го гледаме како проблем, бидејќи во тој дел навистина се соочивме со извонредно тешки проблеми, а верувам дека тие проблеми и денес не се решени.

Значи, тие два моменти се особено клучни, а не е проблем што некој го наметнува од опозиција или позиција, проблемот треба да го решаваме, ова е проблем кој треба да го решаваме во од, затоа апелирам да се донесе во две фази, да видиме колку е тоа како средства потребни да се изврши една ревизија, бидејќи не е се исто дали ќе ги оптовариме буџетските средства во овој дел од годината и второ, во начинот на прибирање на даноците.

Тоа го гледам и го лоцирам како најголем проблем во сите општини на Република Македонија. Не се согласувам со фактот што постојано кажувате дека е проблем што вие го предлагате законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувана колешке во најголем дел од она што го кажавте се согласувам и можам само да заклучам дека и вие ќе го поддржите овој Предлог закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Реплика од три минути за госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Можам да кажам дека законот кој во моментот го разгледуваме е многу сериозен и бара сериозен ангажман од сите нас како пратеници, посебно од предлагачите заради тоа што немаме сериозна финансиска анализа зошто се бара токму овој процент во законот со кој ќе бидат финансирани единиците на локалната самоурпава.

Немаме сериозна финансиска анализа исто како што немавме и во моментот кога го носевме пакетот на закони за децентрализација. Тогаш беше јасен ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се оставaт да функционираат 120-те општини, финансиски да почнат да се децентрализираат и да видиме која од нив ќе успее да се снајде да преживее со процентот на финансиски средства кои ќе ги оддели државата и точно е дека баравме поголем процент од финансиски средства да бидат дистрибуирани на локално ниво. На тој начин очекувавме дека ќе настапи спојување на некои општини кои не можеа да ги исполнат обврските спрема граѓаните и по природен пат да се исцртаат границите на општините. Морам да кажам дека никогаш не сме биле против процесот на децентрализација, туку тоа е вистината.

По однос на процентот, бидејќи и тогаш немавме финансиска пресметка и анализа зошто некои општини можат да опстојат, а некои не, зошто некои општини се укинуваат без да има финансиски елаборат дали можат да опстојат

или не истото сега и со овој закон имаме само процент без да се каже што може да се постигне, дали е доволно, колку е доволно, бидејќи 2.800.000.000 денари бил вкупниот долг на општините кога влегуваа во процесот на децентрализација. Денес голем дел од долговите на општините се преполовени.

Значи, некоја од општините успеале да се снајдат и со овој процент кој го имаат, тоа покажува дека навистина домаќински работеле и можат да опстојат како општини во иднина. Дел од нив не успеале тоа да го направат, токму заради тоа Владата интервенирала со ребаланс на Буџетот префирлила 164.000.000 денари на училиштата и да не набројувам понатаму, бидејќи кратко е времето, но морам да напомнам дека овие чекори што во моментот ги прави Владата со Законот за минерални суровини со кој е предвидено 40% од концесиските средства да се уплаќаат во буџетите на единиците на локалните самоуправи исто така се размислува и за прифаќање на барањето на ЗЕЛС за данокот на имот да се плаќа подеднакво и правните и физичките лица, сето тоа зборува дека Владата размислува за зголемување на финансиските средства на локалната самоуправа и да овозможи начин на преживување на општините и во тој контекст можеме да разговараме сите заеднички.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за господинот Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Уважена колешке Бонева, добро е што Владата размислува за подобрување на финансиската ситуација во нашите локални самоуправи. Апсолутно се согласувам со сите оние кои дискутираа дека реално проблеми во финансирањето на локалната самоуправа во Република Македонија има, меѓутоа, истовремено не може да премолчиме и да не кажеме дека Собранието на Република Македонија не е само да ги констатира разидувањата или нашите размислувања и проблемите кои ги имаат граѓаните, туку да предлага законски решенија за надминување и решавање на тие проблеми.

Што се однесува до процентот дали има финансиска анализа, се надевам дека и вие кога го предлагавте, кога бевте во опозиција, истиот процент за финансирање и вие тогаш имавте финансиска анализа. Предлагачот не случајно го предлага овој процент иако општините нема да бидат задоволни и од овој процент.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратениккот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам,

Јас ќе почна со реплика на последното зборување на господинот Ќуркчиев каде даде еден убав апел до сите да не се навраќаме на историјата, да не се враќаме години наназад на делување на политичкиот систем во Република Македонија. Тој апел, би предложил, да го упати до своите сопартијци односно неговата партија. Денеска за да се искористи зборувањето по однос на овој закон, да, да, вие апелиравте дека треба да не се навраќаме на минатото односно барате од сега да се воспостави нов закон и нови финансиски конструкции за локалната самоуправа.

Ве упатувам на вашите колеги да им укажете прво тие да се придржат на вашиот апел заради тоа што вашиот колега Макрадули збурувајќи за предложеното решние се наврати со апел до мнозинството односно до Владата дека еве вие не сакате да поддржите вакво решение заради тоа што намеравате и на припадниците на УЧК или на ОНА како рековте вие, да им дадете пензии, не вие, туку господинот Макрадули рече .

Исто така ви кажувам дека вие како партија ги одбивте тие пензии односно никогаш не разговаравте за тие пензии со вашиот коалиционен партнер, па ви укажувам како Влада, како мнозинство, ние тој закон ќе го предложиме исто како што го предложивте вие за “лавовите” и нивните семејства. Тоа значи дека јас сум убеден дека и вие ќе учествувате во гласањето на тој закон со консензус. Верувам дека тоа ќе го направите поради тоа што дека со тоа ќе докажете дека вашиот коалиционен партнер ДУИ кој денеска не е тука, ако за овој закон не зборувале 4 години кога бевте заедно на власт, значи 4 години го лажевте народот дека таков закон ќе донесете, а сега кога не сте на власт односно делувате во опозиција односно тие апстинираат од Парламентот, сега бараат ние да го донесеме законот.

Да, ќе го донесеме, но заедно со вас. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Дали има контра реплика? (нема)

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас сум од оние пратеници кои мислат дека денеска имаме еден сериозен закон за разгледување од аспект на Законот кој се обидувате со вашиот предлог да го промените. Меѓутоа, од аспект на содржината на текстот на законот кој го имаат предложено пратениците од СДСМ и ЛДП, сметам дека пристапот е апсолутно несериозен, непрецизен и не може да биде функционален.

Законот за финансирање на единиците на локалната самоурпава е донесен на 6 септември 2004 година, сметам дека СДСМ треба да е свесен за одговорноста на сето она кое фонкционирало или не функционирало минатиот период од три години. Тука не треба да има бегање, не треба да има обвинување на друга страна, на трета страна, туку треба СДСМ конзистентно да ја прифати состојбата ако сметам дека ваквиот концепт досега не дал резултат или не профункционирал позитивно.

Со овој закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа се утврдува целокупниот

систем на финансирање на единиците на локална самоуправа. Единствено не се утврдуваат овие две стапки односно стапката која се зема од персоналниот данок и стапката која се зема од ДДВ, туку напротив се утврдува целокупниот систем на финансирање на единиците на локална самоуправа за што, за жал, денеска воопшто не стана збор. Сметам дека законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа нуди многу повеќе и многу посериозни начини како единиците на локалната самоуправа да го заокружат процесот на финансирање без да се навлегува во овие два даноци кои претставуваат на некој начин не изворни приходи на општините. Самите знаете дека градоначалниците стојат на ставот дека зголемувањето на обемот на финансирање на локалната самоуправа, но во изворните приходи на општините ќе претставува зајакнување на единиците на локалната самоуправа. Се поинаку претставува натамошно продлабочување на зависноста на единиците на локалната самоуправа од страна на централната власт.

Затоа сметам дека тука имате комплетна неконзистентност во она што сакате да го постигнете.

За ваше потсетување, јас ќе ве потсетам кои се можните начини на финансирање на единиците на локалната самоуправа. Доколку сте сакале да понудите сериозен пристап, требало да ги имате во предвид при поднесувањето на еден ваков закон кој, за жал, е составен од само два члена и вкупно 4 реда.

Значи, општините можат да се финансираат од данок на имот. Законот дозволува слобода во политиката на утврдување на стапката на оданочување на данокот на имот. Општините имаат избор од 0,1 до 0,2%. Тоа го утвртдуваат советите на општините. Тука има голем простор што советите на општините водат даночна политика во согласност со економската состојба, големината на општината итн.

Не сум сигурен дека општините го користат овој елемент.

Данок на наследство и подарок. До втор наследен ред 2 до 3%, од трет наследен ред од 4 до 5% и тука советите имаат право да ја утврдат стапката во границите кои ги дава законот. Не сум сигурен дека правилно ја користат таа можност.

Трето, данок на недвижности односно промет на недвижности. Стапката се движи од 2 до 4%, значи овде е најголема разликата во онаа граница во која советите на општините можат да ја утврдат стапката.

Повторно сметам дека општините, без разлика кој градоначалник или кое мнозинство во советот која партија го има, не ги користат овие елементи на правилно буџетско и даночно планирање што го имаат. Наместо да зборуваме кој кога за што се залага, ние треба да им покажеме на едниците на локалната самоуправа како да ги користат овие елементи од сопственото буџетско планирање, во сопственото даночно планирање, во изворните приходи за да ги зајакнат и засилат своите единици на локална самоуправа, а не да создаваме зависност на едниците на локалната самоуправа од дотациите што одат од Централниот буџет во буџетите на локалната самоуправа. Комуналните такси се плаќаат според членот 3 од Законот за комунални такси на мал милион работи кои функционираат од пуштање музика на јавно-прометни површини, до поставување маси, до поставување рекламн и паноа и тн. Меѓутоа повторно, во одредени граници, советите на општините, по предлог на градонаалниците имаат право во тој дел да вршат политика, да дејствуваат политички, да ги усогласат според големината на општината, според економскиот промет во општината, според финансиската состојба на граѓаните во општината, да ги усогласат тие давачки и да предизвикаат зголемување на изворните приходи на општината.

Јас, искрено го немам чувството дека општините го корстат овој елемент на менаџирање со своето буџетско и даночно работење за да ги зголемат изворните приходи на општината.

За мене не е прифатливо градовите во провинцијата, кои во принцип имаат многу помал финансиски обрт да имаат поголеми комунални такси од општините во градот Скопје. А, и тоа го има како пример. Поради тоа што финансискиот обрт на средства, циркулацијата на финансики капитал во градот Скопје е многу поголема и таквото поголемо оданочување, односно поголем зафат на комуналните такси во скопје ќе биде помалку чувствително за граѓаните.

Административните такси од кои што сакате, сакате верувајте, ако сакате не верувајте, општините остваруваат големи приходи. Некогаш дури и намерно дуплицирајќи ги постапките. Надоместокот за уредување на градежно земјиште, апсолутно добро познатите комуналии при изградба на објекти на територија на општините. Тука, единиците на локалната самоуправа имаат комплетна слобода во водење на политика, водење на економска политика. Водење на политика во утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, во начинот на урбанизација на просторот и тн. Значи, слободата е апсолутна во овој дел.

Повторно ќе потенцирам дека го немам чувството дека локалните самоуправи го користат овој елемент за зголемување на изворните приходи што ги имаат општините. Напротив, со ваквиот принцип ние се доведуваме во ситуација, преку Предлогот што го има опозицијата да застапуваме ставови на ЗЕЛС, за кои што мислам дека делумно се оправдани,а делумно се неоправдани, да ги зголемуваме средствата на буџетите на единиците на локалната самоуправа кои доаѓаат од Централниот буџет а ништо во нашата држава да не се прави во однос на дисциплинирање, ефикасност и прецизност при

наплатата на изворните приходи на едниците на локалната самоуправа.

Затоа, сето ова што го прави СДС денеска личи на неконзистентна политика, личи на непринципиелна политика и личи на политика во смисла на јавање на она што е најгласно во последниве два-три-четири месеци во јавноста.

Меѓутоа, јас би ве потсетил дека и ЗЕЛС не е монолитен и прецизен во функционирањето од аспект, ставовите на ЗЕЛС ги составува Управниот одбор на ЗЕЛС, составен од 15 градоначалници од сите парти. Меѓутоа, тој Управен одбор, пред неколку години донесе Одлука да се укине исто таков Управен одбор кој ги обединуваше претседателите на советите на општините. Ние се доведовме во ситуација ЗЕЛС да ги застапува исклучиво ставовите на градоначалниците, а не и советите на општините. Така што, внимавајте кога дискутирате за ставовите на ЗЕЛС, внимавајте кога се обидувате да направите политички профит врз база на ставовите на ЗЕЛС, поради тоа што тоа се ставови само на градоначалниците на општините. Не сум сигурен дека во сите работи и советите на општините би се согласиле со тоа што ЗЕЛС го продуцира како јавен став.

Меѓутоа, апсолутно не сакам да се добие призвук дека јас сум против ЗЕЛС и дека сум против децентрализацијата. Напротив, сметам дека децентрализацијата е пат како ќе се зголеми демократијата во нашата држава и како граѓаните ќе имаат можност за поголема контрола на финансиските средства. А, не да се случи обратен пример. Една општина во Република Македонија, нема да кажувам која општина и кој градоначалник, купува ново службено возило за градоначалникот, поради тоа што досегашното возило било старо четири години. Ве молам, дури четири години. А, државата, како држава нема купено 15 години службени возила. Значи, елементот на контрола и прецизно планирање на финансиите на локалната самоуправа исто така го немаме развиено на доволно високо ниво.

Наместо да се обидуваме, врз база на ставовите на градоначалниците да градиме ситни политички поени, ние треба да навлеземе во целосна имплементација на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Ако тоа го направиме, сите општини ќе имаат капацитет да влезат во втората фаза на фискалната децентрализација. Ако го правиме ова што денеска го правиме, се попроблематично и попроблематично ќе биде и се позависни и позависни ќе бидат единиците на локалната самоуправа од централната власт, што се надевам не ваша намера.

Да продолжам понатаму. Исто и другите приходи што можат да ги остваруваат единиците на локалната самоуправа, како на пример надоместоци од комунални дејности. Еден мал милион. Да не образложувам што се спаа во тоа. Надоместоци за просторни и урбанистички планови. Исто така се остваруваат големи приходи.

Приходи од закупнини, од камати, од продажба на имот што се дискутабилни и нема да се задржувам во дополнително образложување.

Приходи од донации. Имаме седум-општини во Република Македонија што во овие десетина години многу успешно се снајдоа. Имате различни примери. Имате градоначалници од повеќе политички партии кои ефикасно работат во сегментот на прибирање донации. Повторувам донации, не дотации. Донации. Тука, тие општини треба да се посочат како пример, треба да им се образложи, да се зголеми капацитетот на сите општини во делот на кадровското екипирање и професионално екипирање за да се оспособат општините да прибираат донации. Ќе повторам, има десетина општини во Република Македонија кои покажаа позитивен пример во овој сегмент на работата.

Приходи од самопридонес. Има општини каде што профункционира во овој мандат, во претходниот мандат, во пред предходниот мандат. Некаде позитивни искуства, некаде негативни искуства. Меѓутоа, воглавном јас имам став дека градоначалниците и советите се плашат од политичка осуда и не одат во практично применување на овој начин на финансирање, што можеби и не треба да им се забележи.

Наменските дотации што се за конкретни активности, капиталните донации за финансирање на инвестициони проекти, блок дотациите за финансирање на надлежности од членот 22 точките 5,7,8 и 9 од Законот за локална самоуправа, односно културата, социјалната заштита, образованието, здравствената заштита. И тука, оваа тема е многу пати дискутирана зошто општините имале 40% помалку средства од тоа што државата го користела. Тука треба да се бара сегмент на подобрување на финансиската состојба, а не овој политикански начин што денеска СДСМ се обиде да го наметне во функционирањето на Парламентот.

Јас би ве потсетил, стана збор од еден од пратениците од опозицијата, би ве потсетил дека во Буџетот за 2007 година, во делот за капитални инвестиции во образованието се предвидени за над 100% повеќе средства од она што беа предвидени во минатата година. Значи, оваа Влада, апсолутно посветува внимание. За над 100% има повеќе средства за капитални инвестиции во образованието во Буџетот за 2007 година, оној Буџет што го изгласавме пред Нова година.

Дотации за делегирана надлежност, за жал, можеби сеуште не профункционирале. Потоа следуваат приходите од персоналниот данок и приходите од ДДВ. Приходите од персонален данок се 3% од персоналниот данок наплатен на физичко лице со место на живеење на одредена општина, или 100% од персоналниот данок за оние лица кои вршат занаетчиска дејност.

Јас, повторно, не сум сигурен дека некоја општина во Република Македонија направила политика за развој на занаетчиството, со што би остварувала поголеми приходи по однос на тоа дека 100% од персоналниот данок од занаетчиска дејност оди директно во буџетот на локалната самоуправа. Не сум сигурен дека некоја општина во Република Македонија најде начин со одредени повластици, со одредена помош, со одредена поддршка да го зголеми занаетчиското работење во Република Македонија, каде што сигурно не мислам на кожари, самарџии и тн. и тн., туку еден целосен сегмент што е утврден во Законот за занаетчиска дејност.

И, приходот од ДДВ, 3% од вкупно наплатениот ДДВ во Република Македонија, а начинот на распределба се утврдува со критериуми донесени од страна на Владата во Уредба, што треба да бидат делумно во согласност, односно 100% во согласност со оние полесни критериуми во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Која влада како постапува при донесувањето на уредбата, мислам дека се произнесе и ЗЕЛС. Истиот овој ЗЕЛС имаше остри критики спрема претходната Влада кога претходната Влада носеше Уредба. Овој пат, за среќа на Владата, ЗЕЛС беше задоволен од начинот на кој што е донесена Уредбата за распределба на ДДВ на овие 3% за кои што разговараме.

Зошто сметам дека овој закон не треба да добие поддршка од Парламентот, на овој начин на кој што СДСМ и ЛДП се обидуваат да го протнат?

Прво, нема никаква анализа, ќе повторам е крајно несериозно за една толку тешка материја да се обидеме да ја промениме со четири реда, со два члена или со една страна образожение. Во кое што се повторуваат оние флоскули политички што пратениците од СДСМ ги употребија во своите говори.

Нема фискални параметри. Ако не друго, ќе изгледаше многу посериозно некој од предлагачите да каже во 2006 или во 2005 година собравме толку ДДВ, толку одвоивме од овој ДДВ, толку средства отишле во локалната самоуправа. Тие средства, ако се донесе овој закон ќе бидат толку, ќе се распределат така, вака, вака и вака.

Ова е чисто политикантство што денеска го дискутираме. Меѓутоа, би било крајно несериозно ако и ние се однесуваме како вас, па да не ви објасниме што треба да направите за да има еден сериозен пристап. Јас би бил задоволен ако во текот на понатамошната дискусија слушнам од некој од пратениците од СДСМ ваков пристап во дискусијата и би бил благодарен за таквиот начин.

Нема деконцентрација на критериумите во финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Сето она што јас до сега го дискутирав, дека чисто се оди на фиксација на оние приходи што општините ги добиваат од страна на Централниот буџет, а немаме никаква анализа и деконцентрација на критериумите, односно на ефикасноста на наплатата и на буџетското работење на единиците на локалната самоуправа. Никаков пристап нема во ова.

Повторно ќе повторам, ако сакавте толку сериозен закон да менувате, ќе беше неопходно да го направите и тоа. Несериозен, можеби идејата е добра, треба да се поддржи децентрализацијата понатамошна, треба да се поддржат општините, меѓутоа не на ваков начин. Да не се повторувам.

Кажав дека нема фискални параметри. Повторно да не се повторувам.

Беше спомнато од неколку колеги пратеници дека Владата оди понатаму во зајакнување на финансирањето на општините со Законот за минерални суровини, каде што надоместокот од 40% за концесијата е предвидено да оди во единиците на локалната самоуправа. Ова е за поздравување, поради тоа што на таков начин ова ќе биде изворен приход на општината.Нема да зависи од волјата на централната власт. Така општините ќе ги направиме многу посилни и многу свое на своето, наместо овој начин што го кажувате.

Еден од пратениците од СДСМ кажа дека буџетската проекција за 2007 година говори дека во 2007 година треба да биде зголемена наплатата на ДДВ за 11%. Не кажа врз основа на што Владата го позиционирала тоа зголемување на потрошувачката и тн., зголемување на инвестиционата активност во Република Македонија и тн. и тн. Меѓутоа тоа не е тема.

Меѓутоа зголемување за 11% на наплатата на ДДВ во Република Македонија ќе значи зголемвување за 11% на средствата што ги добивале општините од ДДВ. Тоа е многу едноставно и многу прецизно. Со зголемување на ефиканоста во даночната политика, со намалување на даночната евазија, ние, на индиректен начин ќе го зголемиме финансирањето на локалната самоуправа. Од тоа не треба да се бега.

Ефикасноста во наплата на локалните даноци. Данокот на имот е најпозитивен пример во оваа работа. Еден од градоначалниците од СДС, пред неколкуд ена на телевизија се пофали дека успеал да ја зголеми наплатата на данок на имот од два милиони на пет милиони. Тоа е ефикасен пример. Јас не бегам од тоа да го кажам. Тоа е градоначалникот на Струмица, ако не се лажам. Тој успеал од граѓаните да собере за три милиони повеќе средства.Меѓутоа, тоа е изворен приход.

Можеби е подобро вие да организирате обука, да кажете како господинот Заев успеал да собере многу повеќе пари од граѓаните на Струмица, од она што до сега го собирале другите градоначалници. Ова го кажувам не од аспект да го навредам господинот Заев, туку да покажам дека градоначалниците треба да ја сносат одговорноста на своето работење и

градоначалниците треба да покажат одлучност, храброст и прецизност во примената на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Што, за жал, кај 90% од градоначалниците јас лично не можам да го видам. Можам да го видам кај градоначалници на поголемите општини и на скопските општини.

Зборував за водењето правилна буџетска политика во однос на расходите. Ќе го повторам примерот, јас не сум баш најсигурен дека општините, сега, за сега попаметно ги трошат средствата од тоа што го прави централната власт, било која и да е. Градоначалник на една општина во Република Македонија купува ново возило за себе, поради тоа што старото е старо четири години. Кој и да е, каков и да е, тоа е неправилно трошење на средствата на општината.

Водење правилна политика во однос на градбата, дивоградбите, во однос на наплатата на комуналиите односно надоместоците за уредување на градежно земјиште е исто така начин како да се подобри буџетското работење на локалнат самоуправа.

Факт е дека во Република Македонија единиците на локалната самоуправа имаат различен капацитет. За тоа зборував пред пет-шест минути дека треба да направиме деконцентрација на критериумите. Ние сакаме во еден пакет, со едно набљудување да ги ставиме Дебарца, Градско, Новаци со Струмица, Штип, Битола, Прилеп и тн. и тн. Факт е дека големите општини многу побрзо се снајдоа во овој процес, а помалите потешко се снаоѓаат. И, ако сакаме да најдеме начин како да им помогнеме на општините, треба да најдеме начин како сите општини да го достигнат нивото за кое што се бориме.

Апсолутно би се надворзал, иако секогаш се обидувам личниот момент да го избегнам, да не посочам на ниту еден пратеник, меѓутоа потпишувањето на господинот Никола Поповски, како бивш министер за финансии, прв на Предлгот за донесување закон, за мене е политичко лицемерие. Нема да навлегувам понатаму, поради тоа што јас, како пратеник до сега и од сега никогаш не сум го ставал личното, не сум ја ставал личната позиција односно персонификацијата како главен аргумент при градењето на моите ставови. Меѓутоа, ова што денеска го имаме како пример е исклучителен случај.

Исто така, апсолутно сметам дека како Парламент, нормално е да водиме интерес за целата држава. Владата, нормално е да води интерес за целата држава. Општините, нормално е да водат интерес за себе, за своите општини. Градоначалниците, претседателите на советите и тн. и тн.

Јас би ве замолил да не налетуваме на таков еден начин на дискусија при центрирањето и концентрацијата на она што претставува интерес на целата држава. Не сегментирано на поедини градоначалници или на поедини општини, што го сметам како сериозност при дискусијата за овој закон, а го немаат пратениците на СДС.

Втората фаза на фискалната децентрализација, за да стапи на сила има многу повеќе од еден критериум. Не би сакал да ги набројувам, поради тоа што мислам дека се многу познати. Од позитивни финансиски резултати, кадровски капацитети, да нема негативни извештаи и тн. и тн. Меѓутоа, ние, сеуште имаме нефункционирање на внатрешната ревизија кај многу општини, нема кадровски капацитет, не функционира буџетскиот календар што е предвиден со истиот Закон, нема квартални извештаи во сите единици на локалната самоуправа, нема одговорен сметководител во сите единици на локалната самоуправа и тн. и тн. Тоа е сегмент каде што треба да работиме, почитувани колеги пратеници, а не тоа што вие го нудите.

Исто така сметам дека и демократскиот капацитет на поедини општинине е изграден на доволно ниво на кое треба да биде поставен, на пример во многу општини во Република Македонија не функционира таканаречениот Бадинтеров принцип, што сметам дека е многу значајно, посебно во општините каде државното малцинство е мнозинство на локално ниво, па од тој аспект д апокажеме подготвеност за демократија на сите нивоа. Исто така месната самоуправа, имаме пример дека не функционира од аспект што оние кои беа најголеми поборници за децентрализација, ја запираат понатамошната децентрализација. Јас, почитувани пратеници, до сега немам слушнато, барем она што го знам како општина Велес каде бев 6 години советник. Општина Велес не направи децентрализација на своите надлежности, спрема месната самоуправа. Напротив, се обиде да го анолира и да ја намали тежината на месната самоуправа. Тоа не е позитивен пример како треба да се гради систем на децентрализација на власта.

Да не должам повеќе, се надевам дека ви понудив аргументи и идеи како може да се подобри финансиското работење на единиците на локална самоуправа, спротивно на овој политички односно политикански пристап кој го имате, како пратеници од опозицијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеничката Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе,

Колегата Илија Димовски ниту понуди нешто за излез од ситуацијата во која се наоѓаат единиците на локална самоуправа, ниту даде некој предлог туку не обвини за политиканство и политички флоскули, а целиот негов говор беше тоа, политиканство и флоскули.

Колегата Димовски во неговиот говор наведе дека сето ова што е мислење и ставови на ЗЕЛС е став на поедини градоначалници, значи тогаш тој треба да се оправда пред ЗЕЛС дека не го

признава. Понатаму изрази сомневање дека некои градоначалници или некои единици на локална самоуправа недоволно свесно и совесно ги користат средствата за финансирање на единиците на локална самоуправа и за извесни недостатоци во работењето на истите.

Господине Илија Димовски, Министерството за локална самоуправа кое е наделжно да ги контролира работите во единиците на локална самоуправа, од тој аспект нека си ја врши работата. Не мора тука два часа да ни држите предавања и да ни укажувате на нешто што ви е ваша обврска како мнозинство.

Понатаму колегата Димовски не обвини дека се занимаваме со политиканство и сме предложиле закон од два реда и две реченици, а како правник знае дека некогаш еден збор во закон може суштински да промени одредена ситуација. Не обвини дека не сме имале финансиска конструкција и никој ништоне кажал за финансиските импликации, а по се изгледа се фокусирал на она што тој треба да каже и не слушнал тоа што ја сво моето воведно излагање по законот, го кажав. Кажав колку ДДВ е проектирано, колку во претходната година се исплатило и колку ќе значи зафаќањето од ДДВ, со Предлогот на овој закон. Значи и тука му паѓа тезата. И на крајот би сакала да му порачам дека оние извори што тој ни ги предлага да ги предложиме за подобрување на ситуацијата со единиците на локалната самоуправа, а тоа се, воведување на поголем данок на имот, данок на наследство на локално ниво. Ние не сакаме повеќе да чепкаме во џебовите на граѓаните затоа што и така се истоштени, туку оние средства кои се од Буџет, а се трошат за реклами, неброени средства, сакаме да ги пренасочиме за конкретна работа, за функционирање на животот во единиците на локална самоуправа изатоа, а не од политиканство, се одлучивме на ваква измена на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Сепак мораше да има реплика колешката Иванова. Јас тоа го разбирам, иако ништо сериозно не посочи што јас неточно сум кажал во моето излагање. Напротив, моето излагање воопштоне беше политиканско и воопштонемаше флоскули, туку јас се обидов на максимално прецизен начин да ги кажам сите можности за подобро финансирање на единиците на локална самоуправа, она што недостигаше во образлагањето на вашиот закон. Вие се концентриравте само на две стафки, по однос на персоналниот данок и по однос на ДДВ.

Второ,  моите оценки за работата на општините се врз база на извештаите на Државниот завод за ревизија. Секоја година имате 20 општини под анализа. Погледнете ги извештаите и ќе видите како се работи во општините.

И на крај, по однос на данокот на имот, јас потенцирав дека тука општините имаат можност да дејствуваат со даночна политика и да ги намалат и да ги зголемат стапките и да остварат помали и поголеми даноци, во однос на тоа какви општинис е.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега Димовски.

Три минути реплика за пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Колегата Димовски колку што ве следев во вашето излагање, вие слободно можете да ги извлечете општините од криза односно како да се финансираат општините, со вашата анализа за изворните приходи, како општината може да дојде до сретства и како може да опстане.

Колега Димовски, не знам колку знаете, можеби за поголеми општини, тоа што го зборувавте, може да се примени, но за малите општини, некаде до 15 илјади жители, тоа што вие го зборувавте е чиста демагогија односно тешко остварливо. Зошто е тешко остварливо, знам, затоа што бев во мала општина, претседател на Совет бев и ги знам пробелмите, еднаипол година бев таму и знам со кои проблеми се судираше општината.

Колега Димовски, данок од имот во мали општини, како што се Босилово, Василево, Ново Село, не можат да наплатат ни 8 до 10%. Не само што сега општините не можат да наплатат, тоа не можеше ни државата да го наплати, затоа еден од првите приходи што државата ги ослободи да си гинаплаќаат општините е данок од имот. И кога беше под капа на државата и тогаш не се плаќаше данок од имот. Данок од имот плаќаме само ког анешто ќе купиме или ќе продадеме, кога доаѓаме на зорт да мора да платиме. Никој не плаќа данок на имот. Тоа ви го гаратирам.

Комунални такси. Сега зборувам исто за мали општини. Имено комунални такси за една мала општина, рурална општина и една голема градска општина разликата е голема. Еве на пример во нашата општина комуналната такса за деловен простор е 400 денари м2 или 150 денари за дом, а во големите општини 10 или 15 пати повеќе. Значи овие мали општини навистина се судираат со финансирањето, бидејки немаат извори.

Исто так апонатаму кажавте за наследството. Јас доаѓам од таква општина и знам, наследство се префрла од прв и втор ред. И тоа е минимизирано. И еве сега, да не зборувам, за данокот што спомнавте дека Владата планира 11% зголемвување на ДДВ за 2007 година.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега Киров.

Една минута контра реплика за пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Колега Киров, знаете што е демагогија? Демагогија е зголемување на стафката од 3 на 4,5% на персоналниот данок, кога дискутираме за такви мали општини. Тоа е демагогија. Пресметајте колку луѓе со постојано

живеалиште, во една таква мала општина се вработени, колку е зафаќањето по однос на персоналниот данок на жителите на вашата општина, или на друга помала општина и колку ќе биде зголемвуањето од 3 на 4,5%, колку, 20 илајди денари, 100 илјади денари, 110 илјади денари. Тоа е демагогија господине Киров, а не тоа што јас го зборував во поглед на 30 можни начиникако да се подобри финансирањето на локалната самоуправа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Штоби рекол господинот Димовски јас не морав да се јавам за реплика, како што тој мора да се јави за реплика секогаш кога јас зборувам. Но, во интерес на јавноста, би сакал да реплицирам по некои од точките што ги искажа.

Прво, за жал морам да констатирам дека, без разлика како што и самиот вели 6 години бил советник во општина Велес, дефиницијата што е тоа децентрализација, очигледно не ја знае, или не го сваќа концептот на децентрализација, затоа што како што смаиот вели, ако и дадеме повеќе пари на општината треба да има и поголема финансиска контрола. Се тоа зависи од аспект на авторитет и зависност од централната валст. Концептот кој ни се нуди со таквиот постојан мониторинг или недовербата во ЗЕЛС како институција, не ни дава за право да се надеваме дека парламентарното мнозинство и ВМРО-ДПМНЕ сака да го пдоржи концептот за децентрализација што е прв приоритет на патот кон Европската унија.

Второ, бидете уверени господине Димовски дека градоначалниците многу попаметно ги трошат парите од граѓаните. На никој нема да му падне на памет како на Владата на господинот Груевски, 1.300.000 евра само за месец јануари да потроши во странски часописи за да си рекламира еден проект. Сите трошоци што ги прават градоначалниците се во интерес на подобар живот на граѓаните, за подобро образование, за подобра комунална хигиена и овој наш Предлог на закон, без разлика каква дисквалификација вие ќе му дадете, ако не добие поддршка во ова Собрание, ќе значи помала шанса за подобар живот на сите граѓани на Република Македонија, без разлика за кој гласале.

Ако му забранувате на господинот Поповски да се потпишува, тоа најдобро да го предложите во Деловникот затоа што ако  стане тоа пракса, што треба да прави господинот Груевски штокако министер за финансии му потпишал којзнае колку милиони долари на господинот Смиленски, па сега како премиер да не смее да потпише ништо, каде ќе ниотиде државата.

И уште една невистина штоја кажавте, а тоа е дека делот на блок дотациите во однос на образованието, значи, не знам дали знаете, но во интерес на јавноста исто така да кажам. Значи наменските блок дотации од Министерството за образование воопшто не се префрлени на ни една општина во Република Македонија, за првиот квартал, а камоли зголемени, затоа што Владата се уште не ја донела таа одлука. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Прво, за јавноста да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ ниту јас лично имаме нештопротив децентрализацијата. Напротив, со многу акти до сега сем докажале дека ја подржуваме децентрализацијата. Само заради јавност го кажав тоа, не се обидувам да го разубедам господинот Макрадули. Веројатно многу сум го изнервирал.

Господинот Макрадули го задржува истиот начин на дискутирање, истиот начин на реплицирање и токму тоа е тоа што СДСМ ја однесе во амбисот каде што се наоѓа. Колку повеќе продолжите, господине Макрадули, на таков начин да дебатирате, толку полошо за вас. Дали употребувале реклами или не употребувале реклами општините, тоа е многу интересно поради тоа што јас сум добил честитка како граѓанин, за Нова Година, сум добил локален весник на моја адреса и т.н. И тоа е нешто така. Знаете јас од која општина доаѓам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитувнаи колеги денес завршуваме со работа.

Утре продолжуваме со 23-та седница во 12,00 часот, а по завршување на 23-та седница, продолжуваме со 12-та седница.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)